Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96, 6/02 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/2014, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19, 275/19, 89/22, 274/22 и 208/24), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2026 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ЦЕНОВНИК НА УСЛУГИ НА ЈП „ВОДОВОД“ - ОХРИД**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за донесување Ценовник на услуги на ЈП „Водовод“ - Охрид, донесена од Управниот одбор на ЈП „Водовод“ - Охрид бр.02-589/7 од 16.03.2026 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-5185/5**
**28.04.2026 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на чл.20 од Статутот на ЈП Водовод Охрид, Управниот одбор на претпријатието на седницата одржана на ден 16.03.2026 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

**Член 1**

**СЕ ДОНЕСУВА** Ценовник на услуги на ЈП Водовод Охрид.

**Член 2**

Ценовникот е составен дел (прилог)на оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето.

**Управен одбор**
**Претседател**
**Славица Димоска,с.р.**

Д-но до:

-Совет на општина Охрид
-Директор на ЈП
- Сектор за водоснабдителни објекти/одд.за .тех.раб и услуги
- Архива на ЈП

**Ц Е Н О В Н И К**
**НА**
**ЈП“ ВОДОВОД“ - ОХРИД**
**ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГИ**

| Р. бр | Назив на фасонски делови или услуги | Набавна цена | Транспорт 3% | Припремни работи | Работна рака 25% | Вкупно работна рака | Цена без ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Набавка и монтажа на поцинковани цевки** | | | | | | |
| | **Поцинкована цевка** | | | | | | |
| **1** | ∅ 3“ | 577 | 17 | 205 | 144 | 366 | **943** |
| **2** | ∅ 2.5“ | 447 | 13 | 205 | 112 | 330 | **777** |
| **3** | ∅ 2“ | 325 | 10 | 205 | 81 | 296 | **621** |
| **4** | ∅ 6/4“ | 244 | 7 | 205 | 61 | 273 | **517** |
| **5** | ∅ 5/4“ | 219 | 7 | 205 | 55 | 266 | **486** |
| **6** | ∅ 1“ | 182 | 5 | 205 | 45 | 256 | **438** |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **7** | ø 3/4“ | 119 | 4 | 205 | 30 | 238 | **357** |
| **8** | ø 1/2“ | 97 | 3 | 205 | 24 | 232 | **330** |
| | **Набавка и монтажа на поцинковани фасонски делови** | | | | | | |
| | **Колена** | | | | | | |
| **1** | ø 3“ | 360 | 11 | 140 | 90 | 241 | **600** |
| **2** | ø 2.5“ | 241 | 7 | 140 | 60 | 207 | **448** |
| **3** | ø 2“ | 237 | 7 | 140 | 59 | 206 | **443** |
| **4** | ø 6/4“ | 183 | 5 | 140 | 46 | 191 | **374** |
| **5** | ø 5/4“ | 109 | 3 | 140 | 27 | 171 | **280** |
| **6** | ø 1“ | 91 | 3 | 140 | 23 | 165 | **256** |
| **7** | ø 3/4“ | 63 | 2 | 140 | 16 | 158 | **221** |
| **8** | ø 1/2“ | 46 | 1 | 140 | 11 | 153 | **198** |
| | **Нипли** | | | | | | |
| **1** | ø 3“ | 401 | 12 | 205 | 100 | 317 | **718** |
| **2** | ø 2.5“ | 257 | 8 | 205 | 64 | 277 | **534** |
| **3** | ø 2“ | 256 | 8 | 205 | 64 | 277 | **533** |
| **4** | ø 6/4“ | 142 | 4 | 205 | 35 | 245 | **387** |
| **5** | ø 5/4“ | 124 | 4 | 205 | 31 | 240 | **364** |
| **6** | ø 1“ | 44 | 1 | 205 | 11 | 217 | **261** |
| **7** | ø 3/4“ | 52 | 2 | 205 | 13 | 220 | **272** |
| **8** | ø 1/2“ | 40 | 1 | 205 | 10 | 216 | **256** |
| | **ТЕ - комади** | | | | | | |
| **1** | ø 3“ | 285 | 9 | 205 | 71 | 285 | **570** |
| **2** | ø 2.5“ | 280 | 8 | 205 | 70 | 283 | **563** |
| **3** | ø 2“ | 201 | 6 | 205 | 50 | 261 | **462** |
| **4** | ø 6/4“ | 204 | 6 | 205 | 51 | 262 | **467** |
| **5** | ø 5/4“ | 175 | 5 | 205 | 44 | 254 | **429** |
| **6** | ø 1“ | 98 | 3 | 140 | 24 | 167 | **265** |
| **7** | ø 3/4“ | 55 | 2 | 140 | 14 | 155 | **211** |
| **8** | ø 1/2“ | 30 | 1 | 140 | 7 | 148 | **178** |
| | **Холендери** | | | | | | |
| **1** | ø 3“ | 1150 | 35 | 205 | 288 | 527 | **1678** |
| **2** | ø 2.5“ | 819 | 25 | 205 | 205 | 434 | **1253** |
| **3** | ø 2“ | 726 | 22 | 205 | 181 | 408 | **1134** |
| **4** | ø 6/4“ | 390 | 12 | 205 | 97 | 314 | **704** |
| **5** | ø 5/4“ | 296 | 9 | 205 | 74 | 288 | **583** |
| **6** | ø 1“ | 265 | 8 | 140 | 66 | 214 | **479** |
| **7** | ø 3/4“ | 201 | 6 | 140 | 50 | 196 | **397** |
| **8** | ø 1/2“ | 168 | 5 | 140 | 42 | 187 | **355** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ЗА 2026 ГОДИНА НА ЈП „ВОДОВОД“ - ОХРИД**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за давање согласност на Одлуката за измена на годишниот план за вработување за 2026 година на ЈП „Водовод“ - Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2026 година.

**Број 09- 5185/60**
**28.04.2026 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 37-з од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19, 275/19, 89/2022, 274/22 и 208/24), член 20–а и 20–б од Законот за вработените во јавен сектор („Сл.весник на РМ“ бр.199/14, 27/16, 35/18, 198/18, 143/19 и 14/20), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2026 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ЗА 2026 ГОДИНА НА ЈП „ВОДОВОД“ – ОХРИД**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за измена на годишниот план за вработување за 2026 година на ЈП „Водовод“ - Охрид, донесена од Управниот одбор на ЈП „Водовод“ - Охрид бр.02-589/5 од 16.03.2026 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-5185/6**
**28.04.2026 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА СТЕПЕН НА ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ПАРКИРАЊЕ (ЗОНСКО ПАРКИРАЊЕ) ВО ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за давање согласност на Одлуката за степен на ограничување на паркирање (зонско паркирање) во општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2026 година.

**Број 09- 5185/61**
**28.04.2026 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96, 6/02 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/2014, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19, 275/19, 89/22, 274/22 и 208/24), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2026 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА СТЕПЕН НА ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ПАРКИРАЊЕ (ЗОНСКО ПАРКИРАЊЕ) ВО ОПШТИНА ОХРИД**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за степен на ограничување на паркирање (зонско паркирање) во општина Охрид, донесена од Управниот одбор на ЈП „Билјанини извори“ - Охрид бр.02-1177/2 од 14.04.2026 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-5185/7**
**28.04.2026 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

Согласно член 22 од Статутот на ЈП “Билјанини извори“ - Охрид, Управниот одбор на ЈП “Билјанини извори“ - Охрид на состанокот одржан на ден 14.04.2026 година ја донесе следната

**ОДЛУКАТА**
**ЗА СТЕПЕН НА ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ПАРКИРАЊЕ**
**( ЗОНСКО ПАРКИРАЊЕ ) ВО ОПШТИНА ОХРИД**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува степенот на ограничување на паркирање (зонско паркирање ) во општина Охрид, при што се утврдуваат 5 (пет) степени на ограничување на паркирање ( 3 зони на паркирање ) на подрачје општина Охрид:

- Прв степен на ограничување - ЗОНА А
- Втор степен на ограничување - ЗОНА Б
- Трет степен на ограничување - Премиум А
- Четврти степен на ограничување – Премиум зона Б
- Петти степен на ограничување - Хуманитарна зона

**Член 2**

Прв степен на ограничување на паркирање - ЗОНА А се применува на сите јавни паркиралишта и површини на кои ќе се врши паркирање кои се наоѓаат на следните сообраќајници - улици:

- Бул. Македонски Просветители од пресекот на оваа улица со ул. Даме Груев до пресекот со ул. Партизанска (за период од 01.10 до 31.03);
- улица Кеј Македонија од пресекот со улица Ванчо Николески до Каналот Студенчишта,
- дел од ул. Партизанска и тоа од пресекот на Булевар Македонски Просветители со ул. Партизанска до пресекот на ул. Партизанска со новопроектираната улица кај стара Автобуска станица
- паркинг просторот кај Стара стоковна куќа Чинар

**Член 3**

Втор степен на ограничување на паркирање - ЗОНА Б се применува на сите јавни паркиралишта и површини на кои ќе се врши паркирање кои се наоѓаат на следните сообраќајници – улици:

1. од пресекот на ул. Партизанска со новопроектираната улица кај стара Автобуска станица до крајот на ул. Партизанска,
2. ул. Кузман Јосифоски Питу по цела должина заедно со паркингот Ривиера,
3. ул. Димитар Влахов по цела должина
4. улица Ванчо Николески по цела должина
5. ул. Даме Груев од пресекот со Бул. Македонски Просветители до Бул. Туристичка
6. ул. Јане Сандански од пресекот со Партизанска до пресек со Кеј Македонија

7. новопроектирана улица кај стара Автобуска станица,
8. Паркинг просторот на ул. Серафим Китаноски од десната страна гледано во насока према ул. Партизанска
9. Паркинг просторот на ул. Мите Богоевски позади Општина Охрид

**Член 4**

Трет степен на ограничување на паркирање – ПРЕМИУМ А се применува на сите јавни паркиралишта и површини на кои ќе се врши паркирање кои се наоѓаат на следните сообраќајници - улици:

1. Од пресекот на Бул. Македонски Просветители со ул. Партизанска до кружниот тек на Плоштад заедно со кружниот тек на сообраќај;
2. Во периодот од 01.06. - 31.08. ул. Кеј Македонија (од пресекот со бул. Македонски Просветли до пресек со ул. Ванчо Николески);

**Член 5**

Четврт степен на ограничување на паркирање – ПРЕМИУМ Б се применува на сите јавни паркиралишта и површини на кои ќе се врши паркирање кои се наоѓаат на следните сообраќајници - улици:

- Бул. Македонски Просветители, од пресекот на оваа улица со ул. Даме Груев до пресекот со ул. Партизанска (за период од 01.04 до 30.09);

**Член 6**

Петти степен на ограничување на паркирање – Хуманитарен паркинг се применува на сите јавни паркиралишта и површини на кои ќе се врши паркирање кои се наоѓаат на следните сообраќајници - улици:

- Две паркинг места на ул. Кеј Македонија на паркинг просторот наспроти Вила Деа;
- Две паркинг места на ул. Димитар Влахов пред влезот на општина Охрид;

**Член 7**

Паркинг просторот позади Спортската сала Билјанини Извори е паркинг за автобуси,

**Член 8**

Оваа одлука влегува во сила по денот на добивање согласност од Советот на општина Охрид.

**Член 9**

Со влегување во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за степен на ограничување на паркирање ( зонско паркирање ) во општина Охрид бр. 02 - 614/2 од 31.05.2022 година.

**Бр. 02-1177/2** **Управен одбор**
**Од 14.04.2026 год.** **Претседател,**
**- Охрид -** **Климент Димоски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЦЕНИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СПОРТСКИТЕ ОБЈЕКТИ И ПАРКИНГ ПРОСТОРИ СО КОИ СТОПАНИСУВА ЈП „БИЛЈАНИНИ ИЗВОРИ“ - ОХРИД**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на цени за користење на спортските објекти и паркинг простори со кои стопанисува ЈП „Билјанини извори“ - Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2026 година.

**Број 09- 5185/62** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.04.2026 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96, 6/02 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/2014, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19, 275/19, 89/22, 274/22 и 208/24), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2026 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЦЕНИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СПОРТСКИТЕ ОБЈЕКТИ И ПАРКИНГ ПРОСТОРИ СО КОИ СТОПАНИСУВА ЈП „БИЛЈАНИНИ ИЗВОРИ“ - ОХРИД**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на цени за користење на спортските објекти и паркинг простори со кои стопанисува ЈП „Билјанини извори“ - Охрид, донесена од Управниот одбор на ЈП „Билјанини извори“ - Охрид бр.02-1177/3 од 14.04.2026 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-5185/8**
**28.04.2026 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 22 од Статутот на ЈП Билјанини извори - Охрид, Управниот одбор на ЈП Билјанини извори Охрид на состанокот одржан на ден 14.04.2026 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За дополнување и изменување на одлуката за утврдување на цени за користење на спортските објекти и паркинг простори со кои стопанисува ЈП Билјанини извори - Охрид**

**Член 1**

Се врши изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на цени за користење на спортските објекти и паркинг простори со кои стопанисува ЈП Билјанини извори - Охрид бр. 02-140/4 од 17.02.2022 година,така што:

Во "Член 2" , став 1, точка 5 **Концерти, манифестации, саеми** се менува и гласи:

- **Концерти, манифестации, саеми:**

| | |
|---|---|
| • Домашен концерт | 80.000,00 ден. |
| • Интернационален концерт | 180.000,00 ден. |
| • Културни манифестации | 50.000,00 ден. |
| • Хуманитарни | 15.000,00 ден. |
| • Меѓународен саем (на ден) | 30.000,00 ден. |
| • Целодневен закуп (саеми, митинзи итн) | 30.000,00 ден. |

Член 3 се менува и гласи:

**За користење на фудбалски тревнати терени се утврдуваат следниве цени:**

**Главен терен**

| | |
|---|---|
| • Главен терен (тренинг) - 90 мин. локални екипи | 6.000,00 ден. |
| • Главен терен (натпревар) локални екипи | 15.000,00 ден. |
| • Главен терен (натпревар) други екипи | 24.000,00 ден. |
| • Главен терен (тренинг) - 90 мин. други екипи | 8.000,00 ден. |

Во зависност од рангот на натпреварите :

| | |
|---|---|
| • меѓународен официјален натпревар | 30.000,00 ден. |
| • меѓународен пријателски натпревар | 20.000,00 ден. |
| • меѓународни припремни натпревари | 12.000,00 ден. |
| • пионери, кадети | 6.000,00 ден. |
| • младинци, сениори | 12.000,00 ден. |

**За користење на теренот за:**

| | |
|---|---|
| • домашни концерти | 150.000,00 ден. |
| • странски концерти | 420.000,00 ден. |

- Користење на паркинг просторот пред новоизградената трибина за концерти 200 000.00 денари“.

**Помошен фудбалски терен:**

- Тренинг - 90 мин. 2.000,00 ден.
- Натпревар 3.000,00 ден.
- Тренинг на фудбалски школи и друг вид школи 1.000.00 денари.

**Помошен фудбалски терен со вештачка трева:**

- тренинг (екипи) - 90 мин. 5.000,00 ден.
- тренинг (детски фудбалски школи) 800,00 ден.
- рекреации (половина терен) 1.200,00 ден.
- натпревар 12.000,00 ден.
- меѓународен натпревар (младинци) 6.000,00 ден.

Користење на теренот со осветлување

- тренинг (екипи) - 90 мин. 6.000,00 ден.
- тренинг (детски фудбалски школи) 1.000,00 ден.
- рекреации (половина терен) 1.500,00 ден.
- натпревар 18.000,00 ден.
- Натпревар локални школи 2 000.00 ден.
- Други школи 3 000.00 ден.
- Натпревар други школи 5 000.00 ден
- Натпревар со осветлување + 500 ден по час
- Целодневен закуп 30 000.00 ден

**Помошен фудбалски терен кај населба Црногорци - важат истите цени како теренот со вештачка трева.**

**Член 4** се менуваат и гласи:

За користење на тениските игралишта се утврдени следните цени:

- Дневно користење тениски терен од 60 минути 300.00 ден;
- Ноќно користење терен од 60 минути 500.00 ден;
- Целодневно користење 3 500.00 ден;

За поставување на кафемат на тениските терени:

- Месечна цена по кафемат 2 500.00 ден;

(плус потрошена електрична енергија)

“Член 9“, **став 1 се менува и гласи:**

(1) Ценовник на услугата паркирање на јавно паркиралиште и површина:

| **Услуга** | **Зона А** | **Зона Б** | **ЗонаПремиум А** | **Зона Премиум Б** |
|---|---|---|---|---|

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Паркинг<br>(за секој отпочнат час)<br>За периодот од 01.10-31.03 | 40 денари | 40 денари | 50 денари | / |
| Паркинг<br>(за секој отпочнат час)<br>За периодот од 01.04-31.05 | 50 денари | 50 денари | 100 денари | 100 денари |
| Паркинг<br>(за секој отпочнат час)<br>За периодот од 01.06-31.08 | 50 денари | 50 денари | 150 денари | 100 денари |
| Паркинг<br>(за секој отпочнат час)<br>За периодот од 01.09-30.09 | 50 денари | 50 денари | 100 денари | 100 денари |
| Дневна карта<br>(важност 24 часа од купување) | 600 денари | 500 денари | / | / |
| Физичките лицата што со своето место на живеење гравитираат во јавните паркинг простори и површините наменети за паркирање<br>(месец/година) | / | 500/6.000 денари | / | / |
| Вработените во правни субјекти, чие седиште т.е. работно место гравитира во јавните паркинг простори и површините наменети за паркирање<br>(месец) | / | 1500/16.000 денари | / | / |
| Правните лица што со своето седиште гравитираат во јавните паркинг простори и површини наменети за паркирање<br>(месец) | 3.000 денари | 3.000 денари | / | / |
| Претплата за резервирање паркинг место<br>(месец) | 6.000 денари | 6.000 денари | / | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Месечен билет за повеќе возила (месец) | / | 6000 денари | / | / |
| Поставување блокатор | 1200 денари | 1200 денари | | 1400 денари |

Во “Член 9“, **став 2 се менува и гласи:**
(2) Ценовник на доплатен паркинг билет

| **Услуга** | **Зона А** | **Зона Б** | **Зона Премиум Б** |
|---|---|---|---|
| Доплатен паркинг билет за нерегулирана паркинг услуга | 1.200 денари | 1.200 денари | 1.400 денари |
| | Доколку корисникот на услугата изврши плаќање во рок од 24 часа од издавање на доплатниот паркинг билет истиот изнесува | | |
| | 1000 денари | 1000 денари | 1200 денари |

Во “Член 9“, **став 3 се менува и гласи:**
(3) Цената за услугата паркирање на јавно паркиралише за паркинг на автобуси:

- 600,00 денари за полудневна карта (12 часа од моментот на издавање)
- 1 200,00 денари за целодневна карта (24 часа од моментот на издавање)

Во “Член 9“, **став 5 се менува и гласи:**
(5) Сопствениците на електрични возила можат бесплатно да ги користат паркинг просторите на подрачјето на ЗОНА „Б“ по добиено одобрение. Одобрението за бесплатно користење на паркинг просторот се издава врз основа на важечка лична карта и важечка сообраќајна дозвола и договор во случај кога подносителот бара користење на површина за паркирање за автомобил кој е под лизинг.“

Во Член 11, **став 1 се менува и гласи:**
“Надоместок за користење на сидриштето Билјанини Извори Охрид за паркирње на пловни објекти“

| Пловен објект | Шестмесечен паркинг | Годишен паркинг |
|---|---|---|
| Кајчиња до 5,5 метри | 2,000.00 ден. | 4,000.00 ден. |
| Кајчиња над 5,5 метри | 4,000.00 ден. | 8,000.00 ден. |
| Скутери | 9,000.00 ден. | 18,000.00 ден. |
| Катамарани | 40,000.00 ден. | 60,000.00 ден. |
| Глисер до 7,5 метри | 40,000.00 ден. | 60,000.00 ден. |
| Глисер над 7,5 метри | 55,000.00 ден. | 78,000.00 ден. |

| | | |
|---|---|---|
| Едрилица | 9,000.00 де. | 18,000.00 ден. |

- За 10 дена користење сидриште за паркинг на пловен објект 9.000,00 ден.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на добивањето согласност од Советот на општина Охрид.

**Бр. 02-1177/3**
**Од 14.04.2026 година**
**Охрид**

**Управен одбор**
**Претседател,**
**Климент Димоски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЦЕНИТЕ НА УСЛУГИТЕ ШТО ГИ ВРШИ ЈП„ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ ОХРИД**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за давање согласност на Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на цените на услугите што ги врши ЈП„Охридски комуналец“ Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2026 година.

**Број 09- 5185/63**
**28.04.2026 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96, 6/02 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/2014, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19, 275/19, 89/22, 274/22 и 208/24), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2026 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЦЕНИТЕ НА УСЛУГИТЕ ШТО ГИ ВРШИ ЈП„ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ ОХРИД**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на цените на услугите што ги врши ЈП„Охридски комуналец“ Охрид, донесена од Управниот одбор на ЈП„Охридски комуналец“ Охрид бр.02-506/6 од 14.04.2026 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-5185/9** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.04.2026 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 19 ст.2, точка 1 од Законот за јавни претпријатија и член 17 од Статутот на ЈП “Охридски Комуналец“ Охрид, Управниот Одбор на ЈП “Охридски Комуналец“ Охрид на својата седница одржана на ден 14.04.2026 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за изменување на Одлуката за утврдување на цените на услугите што ги врши ЈП“Охридски Комуналец“ Охрид број 02-2444/6 од 28.11.2022 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена на Одлуката за утврдување на цените на услугите што ги врши ЈП“Охридски Комуналец“ Охрид број 02-2444/6 од 28.11.2022 година

**Член 2**

Се менува член 2 алинеја 1 и тоа:

- Бројот “3,40“ се заменува со бројот “4,42“

Со измената Членот 2 ќе гласи:

Надоместокот за извршена услуга – подигање, транспортирање и депонирање на комунален отпад од домаќинствата на територијата на општина Охрид се утврдува во зависност од површината на станбениот објект во кој живее домаќинството и тоа:

- За сопственици на индивидуални станови и станови во колективно живеење надоместокот се утврдува 4.42 денари/м2 месечно. Сметките се изготвуваат и доставуваат секој месец.

**Член 3**

Се менува и дополнува член 3 :

Се менува член 3 алинеи 1, 2, 3, 4, 5 и 6 и тоа:

Во алинеја 1 бројот “20,00“ се заменува со бројот “26,00“

Во алинеја 2 бројот “13,00“ се заменува со бројот “16,90“

Во алинеја 3 бројот “1.090,00“ се заменува со бројот “1.417,00“ а бројот “540,00“ се заменува со бројот “702,00“

-Во алинеја 4 бројот “7,50“ се заменува со бројот “9,75“

-Во алинеја 5 бројот “4,00“ се заменува со бројот “5,20“

-Во алинеја 6 бројот “13,00“ се заменува со бројот “16,90“ а бројот “6,50“ се заменува со бројот “8,45“.

Се додава нова алинеја 1 која гласи:

**Надоместокот за извршена услуга – подигање, транспортирање и депонирање на комунален отпад од домаќинствата на територијата на општина Охрид кои се регистрирани станоиздавачи се утврдува 10,00 денари/м2 месечно за месеците: мај, јуни, јули, август, септември и октомври односно 5,00 денари/м2 месечно за месеците: ноември, декември, јануари, февруари, март и април.**

Во алинеја 4 после зборот “организации“ се брише “запирката“ и зборовите “регистрирани занаетчии“ .

Останатите алинеи се поместуваат за еден број нагоре односно алинеите 1, 2, 3, 4, 5 стануваат алинеи 2, 3, 4, 5 и 6.

После алинеја 5 се додава нова алинеја 6 која гласи:

**За регистрирани занаетчии надоместокот се утврдува на следниот начин: за занаетчии кои имаат деловен простор со површина до 50 м2 надоместокот се утврдува 9,оо денари/м2 месечно; за занаетчии кои имаат деловен простор со површина од 51 до 100 м2 надоместокот се утврдува 18,оо денари/м2 месечно и за занаетчии кои имаат деловен простор со површина над 100 м2 надоместокот се утврдува 24,оо денари/м2 месечно.**

Алинеите 6 и 7 стануваат 7 и 8.

Со измената Членот 3 ќе гласи:

Надоместокот за извршена услуга – подигање, транспортирање и депонирање на комунален отпад од правни лица на територијата на општина Охрид се утврдува во зависност од површината на деловниот објект во кој ја обавува дејноста правното лице и карактерот на дејноста која ја обавува правното лице и тоа:

- За правни лица кои обавуваат трговска или угостителска дејност со површина на деловниот простор, односно објектот до 100 м2 надоместокот се утврдува 26,00 денари/м2 месечно

- За правни лица кои обавуваат трговска или угостителска дејност со површина на деловниот простор, односно објектот над 100 м2 надоместокот се утврдува 16,90 денари/м2 месечно

- За правни лица кои се занимаваат со продажба на брза храна надоместокот се утврдува паушално во висина од по 1.417,00 денари месечно освен за киосците кои се занимаваат со продажба на брза храна за кои надоместокот изнесува 702,00 денари месечно

- За адвокати, адвокатски канцеларии, нотари, нотарски канцеларии, канцеларии на судски извршители, штедилници и менувачници, туристички бироа и агенции, приватни школи, приватни градинки, детски престојувалишта и игротеки, канцеларии за сметководствени и правни услуги, канцеларии за проектантски услуги и геодетски работи, канцеларии на судски преведувачи, претставништва на невладини организации, регистрирани занаетчии и други правни субјекти кои вршат нестопански дејности со корисна површина до 500 м2 надоместокот се утврдува 9,75 денари/м2 месечно

- За правните лица кои вршат нестопанска дејност во деловни простории/објекти со корисна површина над 500 м2, како и правни лица кои вршат стопанска дејност и не се опфатени во категориите утврдени во став 1 точка 1, 2, 3 и 4 од овој член надоместокот се утврдува 5,20 денари/м2 месечно

- За регистрирани занаетчии надоместокот се утврдува на следниот начин: за занаетчии кои имаат деловен простор со површина до 50м2 надоместокот се утврдува 9,оо денари/м2 месечно; за занаетчии кои имаат деловен простор со површина од 51 до 100 м2 надоместокот се утврдува 18,оо денари/м2 месечно и за занаетчии кои имаат деловен простор со површина над 100м2 надоместокот се утврдува 24,оо денари/м2 месечно

-Надоместокот за подигање, транспортирање и депонирање на комунален отпад од правни лица кои обавуваат угостителска дејност – хотели со површина на деловниот простор односно објектот над 100 м2 надоместокот се утврдува 16,90 денари/м2 месечно за месеците мај, јуни, јули, август, септември и октомври. Надоместокот за подигање, транспортирање и депонирање на комунален отпад од правни лица кои обавуваат угостителска дејност – хотели со површина на деловниот простор односно објектот над 100 м2 надоместокот се утврдува 8,45 денари/м2 месечно за месеците ноември, декември, јануари, февруари, март и април

**Член 4**

Се менува член 4 алинеи 1, 2, 3 и 4, и тоа:

-Во алинеја 1 бројот “1.176,00“ се заменува со бројот “1.529,00“

-Во алинеја 2 бројот “840,00“ се заменува со бројот “1.092,00“

-Во алинеја 3 бројот “1.176,00“ се заменува со бројот “1.529,00“ а бројот “40,00“ се заменува со бројот “52,00“

-Во алинеја 4 бројот “840,00“ се заменува со бројот “1.092,00“ а бројот “13,00“ се заменува со бројот “16,90“

**Со измената членот 4 ќе гласи:**

Надоместокот за извршена услуга – подигање, транспортирање и депонирање на комунален отпад и индустриски неопасен отпад од правни лица со деловни простори, односно објекти на територијата на општина Охрид и надвор од општина Охрид кои користат контејнери се утврдува во зависност од волуменот на отпадот и од местото на лоцирање на објектот од кој се подига отпадот и тоа:

-За контејнери со волумен од 5-7 м3 лоцирани на територијата на општина Охрид надоместокот се утврдува 1.529,00 денари/м3;

-За контејнери со волумен од 1,1 м3 лоцирани на територијата на општина Охрид надоместокот се утврдува 1.092,00 денари/м3;

-За контејнери со волумен од 5-7 м3 лоцирани надвор од општина Охрид надоместокот се утврдува 1.529,00 денари/м3 + 52,00 денари/км ( само во еден правец) и

-За контејнери со волумен од 1,1 м3 лоциран надвор од општина Охрид надоместокот се утврдува 1.092,00 денари/м3 + 16,90 денари/км ( само во еден правец)

ЈП “Охридски Комуналец“ Охрид како давател на услугата и корисникот на услугата се должни за услугата од став 1 од овој член да склучат договор за регулирање на меѓусебните односи.

**Член 5**

Се дополнува член 5 и тоа:

**После зборот цена се додаваат зборовите “по подигнат контејнер со волумен од 1,1 м3“.**

**Со дополнението членот 5 ќе гласи:**

За извршена услуга – подигање, транспортирање и депонирање на комунален отпад по повик надоместокот се зголемува 20 % од утврдената цена по подигнат контејнер со волумен од 1,1 м3.

**Член 6**

Се менува член 6 алинеи 1, 2, 3, 4, 5 и 6 и ставови 2 и 4, и тоа:

Во алинеја 1 бројот “1.400,00“ се заменува со бројот “1.820,00“

Во алинеја 2 бројот “3.000,00“ се заменува со бројот “3.900,00“

Во алинеја 3 бројот “3.800,00“ се заменува со бројот “4.940,00“

Во алинеја 4 бројот “1.200,00“ се заменува со бројот “1.560,00“

Во алинеја 5 бројот “1.000,00“ се заменува со бројот “1.300,00“

Во алинеја 6 бројот “3.000,00“ се заменува со бројот “3.900,00“

Во став 2 бројот “9.810,00“ се заменува со бројот “12.753,00“

Во став 4 бројот “16,00“ се заменува со бројот “20,80“

**Со измената членот 6 ќе гласи:**

Надоместокот за извршена услуга – подигање, транспортирање и депонирање на комунален отпад за угостителски објекти и други објекти кои работат само во одреден период од годината/сезонски се определува во зависност од видот на објектот и дејноста што ја врши и тоа:

- тезги за сувенири и ракотворби ..................................................1.820,оо денари

- фрижидери за сладолед..............................................................3.900,оо денари

- апарати за пуканки, крофни .......................................................4.940,оо денари

- продажба на книги и уметнички фотографии на отворено.........1.560,оо денари

- цртање на портрети ....................................................................1.300,оо денари

- детски забавни игри ....................................................................3.900,оо денари

За угостителски објекти лоцирани на плажите по брегот на Охридското Езеро кои не се издадени под концесија и работат само во текот на туристичката сезона за извршената услуга - подигање, транспортирање и депонирање на комунален отпад надоместокот се утврдува паушално во висина од 12.753,00 денари.

Надоместокот утврден во став 1 и став 2 од овој член се однесува за сезонскиот период во текот на календарската година, а корисникот на услугата ( сопцтвеникот на објектот) е должен надоместокот да го исплати пред отпочнување со работа..

Надоместокот за извршена услуга – подигање, транспортирање и депонирање на комунален отпад за поставена урбана опрема на јавни пешачки површини се утврдува во висина од 20,80 денари/м2 месечно. Надоместокот се исплаќа пред отпочнување со работа за сите месеци за кои е прибавена дозвола за поставување на урбана опрема.

**Член 7**

Се менува член 7 и тоа бројот “40,00“ се менува со бројот “52,00“.

Со измените членот 7 ќе гласи :

Надоместокот за извршена услуга депонирање на комунален отпад на депонијата “Буково“ се утврдува во зависност од количината на отпадот и тоа 52,00 денари/м3.

**Член 8**

Се менува член 8 и тоа бројот “1.572,00“ се менува со бројот “2.043,60“.

**Со измените членот 8 ќе гласи :**

Надоместок за извршена услуга – уништување на производи на депонија Буково по барање на корисникот на услугата се утврдува во зависност од количината на волуменот на отпадот ( производите) што се уништуваат и тоа 2.043,60 денари/м3.

**Член 9**

Се менува член 9 алинеи 1, 2 и 3 и став 2 и тоа:

Во алинеја 1 бројот “60,00“ се заменува со бројот “78,00“.

Во алинеја 2 бројот “120,00“се заменува со бројот “156,00“.

Во алинеја 3 бројот “240,00“ се заменува со бројот “312,00“.

Во став 2 бројот “60,00“ се замнува со бројот “78,00“.

**Со измените членот 9 ќе гласи:**

Надоместокот за извршена услуга - депонирање на градежен отпад на општинската депонија се утврдува во зависност од количината на отпадот и тоа:

- за приколка до 1 м3 надоместокот се утврдува 78,00 денари

- за трактор,ТАМ – 2м3 надолестокот се утврдува 156,00 денари

- за ФАП – 4м3 надоместокот се утврдува 312,00 денари

За останатите возила со поголема носивост надоместокот за депонирање на градежен шут се утврдува 78,00 денари/м3.

Се ослободуваат од обврската да плаќаат надоместок физички лица доколку волуменот на градежниот отпад не е поголем од ½ м3.

**Член 10**

Се менува називот на точка 9 “**Надоместок за услугите што ги врши ЈП“Охридски Комуналец“ Охрид во рамките на РЕ“Механизација“** и истата со измените ќе гласи:

**9. Надоместок за услугите што ги врши ЈП“Охридски Комуналец“ Охрид во рамките на Сектор“Механизација“**

**Член 11**

Се менува член 10 точка 7, алинеи 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7 и 9, и тоа:

Во алинеја 1 бројот “32,00“ се заменува со бројот “41,60“.

Во алинеја 2 бројот “32,00“ се заменува со бројот “41,60“.

Во алинеја 3 бројот “1.880,00“ се заменува со бројот “2.444,00“.

Во алинеја 4 бројот “32,00“ се заменува со бројот “41,60“.

Во алинеја 5 бројот “32,00“ се заменува со бројот “41,60“.

Во алинеја 6 бројот “32,00“ се заменува со бројот “41,60“.

Во алинеја 7 бројот “1.880,00“ се заменува со бројот “2.444,00“.

Во алинеја 9 бројот “32,00“ се заменува со бројот “41,60“.

**Со измените точка 7 од членот 10 ќе гласи:**

**7.) Користење на градежни машини и возила за транспорт кои се ангажираат надвор од територијата на град Охрид:**

-Цистерна ( со 7м3 вода),______ 41,60 денари за секој изминат километар во двата правци
-Фиат Хитачи _______________ 41,60 денари за секој изминат километар во двата правци
-Хидромек__________________2.444,оо денари, превоз до/од местото на ангажирање
-Кипер 4 м3__________________ 41,6о денари за секој изминат километар во двата правци
-ТАМ Кипер 4 м3_____________ 41,6о денари за секој изминат километар во двата правци
-Трактор ____________________ 41,6о денари за секој изминат километар во двата правци
-Метачка___________________2.444,оо денари, превоз до/од местото на ангажирање
-ЕХ Товарно отворено
возило-четирицикл, ________1.888,оо денари, превоз до/од местото на ангажирање
-Товарно возило Кесон,
транспортер__________________41,6о денари за секој изминат километар во двата правци

За работна рака за неработни денови и празници се зголемува видсината на надоместокот за 30%.

**Член 12**

**Се менува став 1 од член 12 и тоа зборовите “РЕ Механизација“ се заменуваат со зборовите “Сектор Механизација“.**

Со измените став 1 од членот 12 ќе гласи:

Сопствениците на возилата кои се пренесени и оставени во кругот на Сектор “Механизација“ се должни да плаќаат лежарина во износ од 100,оо ден. за секои изминати 24 часа.

**Член 13**

Се менува називот на точка 10. “**Надоместок за услугите што ги врши ЈП“Охридски Комуналец“ Охрид во рамките на РЕ“Паркови и зеленило“** и истата со измените ќе гласи:

**10. Надоместок за услугите што ги врши ЈП“Охридски Комуналец“ Охрид во рамките на Сектор“Паркови и зеленило“**

**Член 14**

Се менува називот на точка 10.2. “**За дендролошки материјал што се одгледува во РЕ Паркови и зеленило“** и истата со измените ќе гласи:

**10.2. За дендролошки материјал што се одгледува во Сектор“Паркови и зеленило“**

**Член 15**

Се менува член 14 точка 10.1.потточки 11, 13, 14, 25 и тоа:

Во точка број 11 бројот “20,00“ се заменува со бројот **“50,00“**

Во точка број 13 бројот “400,00“ се заменува со бројот **“800,00“**

Во точка број 14 бројот “400,00“ се заменува со бројот **“800,00“**

Во точка број 25 бројот “230,00“ се заменува со бројот **“300,00“** а бројот “170,00“ се заменува со бројот **“250,00“**

Се дополнува член 14 точка 10.1 и тоа после потточка 25 се додаваат седум нови потточки: 26, 27, 28, 29, 30, 31 и 32

**26.Косење на трева со грбна косачка --------------------------------- 3,20 ден./м2**

**27.Чистење на трња и грмушки ---------------------------------------- 350,00 ден./час**

**28.Машинско чистење на неуредна вегетација ----------------1.000,00 ден./час**

**29.Косење на трактор со мулчер --------------------------------------- 0,69 ден./м2**

**30.Постапување со оштетени дрвја -------------------------------1.000,00 ден./час**

**31.Постапување со оштетени дрвја со дигалка-----------------3.500,00 ден./час**

**32.Одвоз на гранки --------------------------------------------------1.600,00 ден./тура**

**Со измените членот 14 точка 10.1 ќе гласи:**

Корисниците на услугите на давателот на услугите – ЈП“Охридски Комуналец“ Охрид се должни да му исплатат надоместок во износ определен во зависност од извршената услуга и тоа:

**10.1. За извршени услуги**

1.Гребулање на трева пред машинско косење____________________ 0,80 ден/м2

2 Машинско косење трева ______________________________________ 5,00 ден./м2

3. Собирање трева по машинско косење со изнесување трева _____ 3,00 ден./м2

4. Поливање на тревници, дрвја и грмушки________________________ 4,00 ден./м2

5. Чистење на трева од лист со изнесување________________________ 3,00 ден./м2

6. Садење на цветни површини со ѓубрење и расадување
(вклучен и расад)____________________________________________________40,00 ден./бр

7. Прашење и полевање на сезонско цвеќе________________________35,00 ден./м2

8. Кроење на жива ограда ________________________________________80,00 ден./м2

9. Окопување на дрва и грмушки__________________________________35,00 ден./бр.

10. Окопување и прашење трендафили_____________________________20,00 ден./м2.

11 Кроење - режење трендафили___________________________________50,00 ден./бр.

12 Кроење - режење грмушки______________________________________100,00 ден./бр.

13 Кроење дрва_____________________________________________________800,00/час

14 Сечење дрва_____________________________________________________800,00/час

15 Зимзелени дрвца

Контејнери_____________________________________________400,00-550,00/бр.

школувани_____________________________________________600,00-200,00/бр.

16 Зимзелени грмушки

Контејнери__________________________________________ 250,00 ден./бр.
школувани___________________________________________400,00 ден./бр.
17.Листопадни дрвца
Контејнери__________________________________________ 400,00 ден./бр.
школувани___________________________________________550,00 ден./бр.
18.Листопадни грмушки
Контејнери__________________________________________250,00 ден./бр.
школувани___________________________________________450,00 ден./бр.
19. Перени___________________________________________100,00 ден./бр.
20. Растурање на плодна земја___________________________ 30,00 ден/м3
21. Засадување на тревно семе со сите операции
(орање,фрезирање, рамнење, сеење, валирење)___________ 70,00 ден./м2
22.Тревна смеша______________________________________ 400,00 ден./кг.
23. Хумусна земја за садење(сеена)______________________ 10,00 ден./кг.
24. Хумусна земја_______________________________________1.000,00 ден./м3
25. Работна рака по час
КВ __________________________________________ 300,00 денари
Општ работник_______________________________ 250,00 денари

За работна рака во неработни денови и празници се зголемува висината на надоместокот за 30 %.

26.Косење на трева со грбна косачка ---------------------------------- 3,20 ден./м2
27.Чистење на трња и грмушки ----------------------------------------- 350,00 ден./час
28.Машинско чистење на неуредна вегетација ------------------1.000,00 ден./час
29.Косење на трактор со мулчер ----------------------------------------- 0,69 ден./м2
30.Постапување со оштетени дрвја --------------------------------1.000,00 ден./час
31.Постапување со оштетени дрвја со дигалка-------------------3.500,00 ден./час
32.Одвоз на гранки -----------------------------------------------------1.600,00 ден./тура

**Член 16**

Се менува член 15 алинеи 1 и 2, и тоа:

Во алинеја 1 бројот “16.350,00“ се заменува со бројот “21.255,00“.

Во алинеја 2 бројот “38.500,00“ се заменува со бројот “50.050,00“.

**Со измените членот 15 ќе гласи:**

Надоместокот за извршена услуга – вонредно чистење на јавните површини после одржувањето на разни манифестации, презентации, митинзи и други јавни собири во Охрид се утврдува во зависност од бројот на учесниците на одржаните манифестации, презентации, митинзи и други јавни собири и тоа:

- до 1000 учесници надоместокот ќе изнесува 21.255,оо денари
- над 1000 учесници надоместокот ќе изнесува 50.050,оо денари

**Член 17**

Се менува член 16 алинеи 1 и 2, и тоа:

Во алинеја 1 бројот “4.500,00“ се заменува со бројот “5.850,00“ а бројот “55,00“ се заменува со бројот “71,50“.

Во алинеја 2 бројот “33,00“ се заменува со бројот “43,00“.

**Со измените членот 16 ќе гласи:**

Надоместокот за извршена услуга – одржување на јавна хигиена во околината на простор каде што се извршуваат градежни работи: изградба на станбени и деловни објекти, изградба на објекти од областа на инфраструктурата ( прекопи за полагање на електрични, телефонски, водоводни и канализациони инсталации) ќе се определува на следниот начин:

- за објекти до 100 м2 надоместокот ќе изнесува 5.850,оо денари а за објекти над 100 м2 надоместокот ќе изнесува 71,5о денари / м2

- за објекти од областа на инфраструктурата ( прекопи за полагање на електрични, телефонски, водоводни и канализациони инсталации), надоместокот ќе изнесув 43,оо денари на метар должен.

**Член 18**

Се менува член 17 алинеи 1 и 2, и тоа:

Во алинеја 1 бројот “6.254,00“ се заменува со бројот “8.130,00“.

Во алинеја 2 бројот “3.127,00“ се заменува со бројот “4.065,00“.

**Со измените членот 17 ќе гласи:**

Надоместокот за користење на простор во Градските гробишта Охрид за практична обука на кандидати и полагање на возачки испит се утврдува на следниот начин:

- Надоместокот за користење на просторот за практична обука на кандидати изнесува 8.130,оо денари месечно

-Надоместокот за користење на просторот за полагање на возачки испит изнесува 4.065,оо денари месечно

Во цените на погоренаведените услуги од член 17 е пресметан данокот на додадена вредност.

**Член 19**

Надлежните служби во ЈП “Охридски Комуналец“ Охрид должни се да изготват пречистен текст на Одлуката за утврдување на цените на услугите што ги врши ЈП “Охридски Комуналец“ Охрид број 02-2444/6 од 28.11.2022 година кој ќе ги содржи измените согласно оваа Одлука.

**Член 20**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на добивање согласност од страна на Советот на општина Охрид.

**Управен Одбор на ЈП “Охридски Комуналец“ Охрид**
**Претседател,**
**Владо Враговски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗМЕНАТА НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ЗА 2026 ГОДИНА НА ЈП„ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ ОХРИД**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на измената на годишниот план за вработување за 2026 година на ЈП„Охридски комуналец“ Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2026 година.

**Број 09- 5185/64** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.04.2026 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 37-з од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19, 275/19, 89/2022, 274/22 и 208/24), член 20–а и 20–б од Законот за вработените во јавен сектор („Сл.весник на РМ“ бр.199/14, 27/16, 35/18, 198/18, 143/19 и 14/20), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2026 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗМЕНАТА НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ЗА 2026 ГОДИНА НА ЈП „ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ ОХРИД

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за усвојување на измената на годишниот план за вработување за 2026 година на ЈП„Охридски комуналец“ Охрид, донесена од Управниот одбор на ЈП„Охридски комуналец“ Охрид бр.02-395/2 од 18.03.2026 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-5185/10** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.04.2026 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ НЕДВИЖЕН ИМОТ-ОБЈЕКТИ НА ЈП„ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ ОХРИД

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за отстапување на користење недвижен имот-објекти на ЈП„Охридски комуналец“ Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2026 година.

**Број 09- 5185/65**
**28.04.2026 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 10 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20) Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2026 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ НЕДВИЖЕН ИМОТ - ОБЈЕКТИ НА ЈП „ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ - ОХРИД**

**Член 1**

Со оваа одлука Општина Охрид, отстапува на користење недвижен имот - објекти лоцирани во поранешната „Стара касарна“ во Охрид, за кои општина Охрид има право на трајно користење со Одлука на Владата бр. 44-7650/3 од 25.09.2018 година.

Недвижниот имот е запишан во ИЛ.бр. 93812 КО Охрид 2 и ИЛ.бр. 6667 КО Охрид 2 на КП.бр.8515/4 и тоа:

- објект бр.7 со површина од 292 м2 запишан во ИЛ.бр. 93812 КО Охрид 2 и земјиште под зграда на тој објект со површина од 338 м2 запишано во ИЛ.бр. 6667 КО Охрид 2;
- објект бр.13 со површина од 179 м2 запишан во ИЛ.бр. 93812 КО Охрид 2 и земјиште под зграда на тој објект со површина од 189 м2 запишано во ИЛ.бр. 6667 КО Охрид 2 и

објект бр.16 со површина од 21 м2 запишан во ИЛ.бр. 93812 КО Охрид 2 и земјиште под зграда на тој објект со површина од 27 м2 запишано во ИЛ.бр. 6667 КО Охрид 2.

Недвижниот имот се отстапува на користење на ЈП „Охридски Комуналец“ - Охрид - Подружница бр.1 Комунална хигиена и Механизација и тоа без надомест.

**Член 2**

Сите трошоци за користењето и тековното одржување на недвижниот имот опишан во член 1 на оваа одлука, ќе ги сноси корисникот ЈП „Охридски Комуналец“ - Охрид.

**Член 3**

Се задолжува Градоначалникот на општина Охрид да склучи договор со корисникот на просторот, со кој ќе се уредат правата и обврските за користење на објектите.

**Член 4**

Оваа одлука стапува на сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-5185/11**
**28.04.2026 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 19 од Законот за јавни претпријатија, член 17 од Статутот на ЈП"Охридски Комуналец" Охрид и Барање број 03-459/1 од 31.03.2026 година, Управниот Одбор на ЈП"Охридски Комуналец" Охрид на својата седница одржана на ден 01.04.2026 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**Член 1**

Управниот Одбор на ЈП"Охридски Комуналец"Охрид одобрува јавното претпријатие да покрене постапка за промена на седиштето на Секторот "Комунална хигиена и Механизација".

**Член 2**

ЈП "Охридски Комуналец" Охрид да поднесе Барање до Градоначалникот на општина Охрид и Советот на општина Охрид со цел да се изнајде решение за доделување на право на користење на недвижен имот на кој ќе се извршуваат тековните активности на Секторот "Комунална хигиена и Механизација".

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и истата да се достави до Градоначалникот на општина Охрид и Советот на општина Охрид во прилог на Барањето опишано во член 2 од оваа Одлука.

**Образложение**

Секторот "Комунална хигиена и Механизација" при ЈП "Охридски Комуналец" Охрид, својата дејност ја вршеше сместена на недвижен имот на ул.“Асном“ бр.3 во Охрид, кој недвижен имот беше отстапен на користење на ЈП "Охридски Комуналец" Охрид од страна на Општина Охрид а кој што е во сопственост на РСМ. Споменатиот недвижен имот, пред извесен период со Решение за денационализација беше вратен на поранешните сопственици и сега во моментот истиот претставува приватен недвижен имот, па со самото тоа неопходно е да се изврши промена на седиштето на горенаведениот сектор.

Имајќи во предвид дека станува збор за многу важен сектор во функционирањето на ЈП "Охридски Комуналец" Охрид кој сектор има потреба од поголема површина на недвижен имот (објекти и корисна надворешна површина), потребно е на јавното претпријатие да му биде доделен нов простор односно да му се додели право на користење на недвижен имот кој што е во сопственост на РСМ, а со кој управува и располага Општина Охрид. Со самото тоа јавното претпријатије би можело ефикасно и во континуитет да продолжи со вршење на своите дејности.

Првенствено, сметаме дека најдобар за таа цел е недвижен имот запишан во Имотен лист број 93812 КО Охрид 2 и тоа:

-објект бр.7 со површина од 292 м2 и земјиште под зграда на тој објект со површина од 338 м2;

-објект бр.13 со површина од 179 м2 и земјиште под зграда на тој објект со површина од 189 м2;

-објект бр.16 со површина од 21 м2, и земјиште под зграда на тој објект со површина од 27 м2 и

-градежно изградено земјиште кое е дворно место и кое е во функција на горенаведените објекти на кп.бр.6667 КО Охрид 2.

**Управен Одбор на ЈП Охридски Комуналец Охрид**
**Претседател, Владо Враговски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ОПРЕМА НАБАВЕНА ВО РАМКИ НА ПРОЕКТОТ „ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ЈКП ПРЕКУ НАБАВКА НА ОПРЕМА“**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за давање на трајно користење на опрема набавена во рамки на проектот „Јакнење на капацитетите на ЈКП преку набавка на опрема“, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2026 година.

**Број 09- 5185/66**
**28.04.2026 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 10 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2026 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ОПРЕМА НАБАВЕНА ВО РАМКИ НА ПРОЕКТОТ „ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ЈКП ПРЕКУ НАБАВКА НА ОПРЕМА“**

**Член 1**

Во рамки на проектот „Јакнење на капацитетите на ЈКП преку набавка на опрема“ и согласно потпишаниот договор помеѓу Центарот за развој на југозападен плански регион и Бирото за регионален развој бр. 08-167/1 од 14.07.2025 година реализирана е активноста за набавка на режач за пилинг Ф 110-500мм и режач за пилинг Ф 63-110 мм, електричен ударен чекан, како и апарат за детекција на дефекти во водоводните цевки. Наведената опрема е набавена од страна на Центарот за развој на југозападниот плански регион за потребите на општина Охрид и истата со одделни Одлуки на Советот за развој на југозападниот плански регион е преотстапена во сопственост, владение и трајно користење на општина Охрид.

**Член 2**

Наведената опрема од член 1 на оваа одлука се дава на трајно користење на ЈП Водовод - Охрид, имајќи во предвид дека истата е набавена за потребите на јавното претпријатие.

Давањето на користење на опрема на јавното претпријатие ќе биде без надомест.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-5185/12** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.04.2026 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ЗАПОЧНУВАЊЕ ПОСТАПКА ЗА ЛИКВИДАЦИЈА НА ЈП„ПОГРЕБНИ УСЛУГИ“ - ОХРИД**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за дополнување на Одлуката за започнување постапка за ликвидација на ЈП„Погребни услуги“ - Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2026 година.

**Број 09- 5185/67** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.04.2026 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 9 и 11 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96, 6/02 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/2014, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19, 275/19, 89/22 и 208/24), 22 став 1 точка 4 и член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2026 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ЗАПОЧНУВАЊЕ ПОСТАПКА ЗА ЛИКВИДАЦИЈА НА ЈП„ПОГРЕБНИ УСЛУГИ“ - ОХРИД**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши дополнување на Одлуката за започнување постапка за ликвидација на ЈП„Погребни услуги“ - Охрид, донесена од Советот на општина Охрид бр.08-2217/13 од 27.02.2026 година.

**Член 2**

После членот 1 од цитираната одлука се додава нов член 2 и истиот гласи:

**„Се задолжува Градоначалникот на општина Охрид да определи овластено лице - ликвидатор“.**

Членот 2 од цитираната Одлука станува член 3.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-5185/13**
**28.04.2026 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОБЈАВУВАЊЕ ЈАВЕН ПОВИК ЗА ПРОЈАВУВАЊЕ НА ИНТЕРЕС ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ НА КАНДИДАТИ ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА УПРАВЕН ОДБОР И ЧЛЕНОВИ НА НАДЗОРЕН ОДБОР ЗА КОНТРОЛА НА МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈАВНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА ОСНОВАНИ ОД СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за објавување јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови на Управен одбор и членови на Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавните претпријатија основани од Советот на општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2026 година.

**Број 09- 5185/68**
**28.04.2026 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 17-а од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96, 6/02 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/2014, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19, 275/19, 89/22 и 208/24), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2026 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ ЈАВЕН ПОВИК ЗА ПРОЈАВУВАЊЕ НА ИНТЕРЕС ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ НА КАНДИДАТИ ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА УПРАВЕН ОДБОР И ЧЛЕНОВИ НА НАДЗОРЕН ОДБОР ЗА КОНТРОЛА НА МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈАВНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА ОСНОВАНИ ОД СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД**

**Член 1**

Општина Охрид да објави јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови на Управен одбор и членови на Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавните претпријатија основани од Советот на општина Охрид, и тоа:

- јавен повик за избор на 7 членови во Управниот одбор на ЈП Водовод-Охрид;
- јавен повик за избор на 3 членови во Надзорниот одбор на ЈП Водовод-Охрид;
- јавен повик за избор на 7 членови во Управниот одбор на ЈП „Билјанини извори“-Охрид;
- јавен повик за избор на 3 членови во Надзорниот одбор на ЈП „Билјанини извори“-Охрид;
- јавен повик за избор на 7 членови во Управниот одбор на ЈП „Охридски комуналец“-Охрид;
- јавен повик за избор на 3 членови во Надзорниот одбор на ЈП „Охридски комуналец“-Охрид;
- јавен повик за избор на 7 членови во Управниот одбор на ЈП „Градски гробишта“-Охрид;
- јавен повик за избор на 3 членови во Надзорниот одбор на ЈП „Градски гробишта“-Охрид;
- јавен повик за избор на 7 членови во Управниот одбор на ЈП „Нискоградба Охрид“-Охрид;
-јавен повик за избор на 3 членови во Надзорниот одбор на ЈП „Нискоградба Охрид“-Охрид;
- јавен повик за избор на 7 членови во Управниот одбор на ЈП Градски пазар-Охрид;
- јавен повик за избор на 3 членови во Надзорниот одбор на ЈП Градски пазар-Охрид;

**Член 2**

За избор на членови во Управни одбори и членови во Надзорни одбори за контрола на материјално-финансиското работење во Јавните претпријатија основани од општина Охрид од членот 1 на оваа Одлука, Советот на општина Охрид ќе формира Комисии за селекција кои ќе ги спроведат постапките за селекција на кандидати.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-5185/14**
**28.04.2026 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ФОРМИРАЊЕ КОМИСИЈА ЗА СЕЛЕКЦИЈА ПО ЈАВЕН ПОВИК ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР И НАДЗОРНИОТ ОДБОР ЗА КОНТРОЛА НА МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈП „БИЛЈАНИНИ ИЗВОРИ“ - ОХРИД**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за формирање Комисија за селекција по јавен повик за избор на членови на Управниот одбор и Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Билјанини извори“ - Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2026 година.

**Број 09- 5185/69**
**28.04.2026 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 17-а став 4 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96, 6/02 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/2014, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19, 275/19, 89/22 и 208/24), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2026 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ФОРМИРАЊЕ КОМИСИЈА ЗА СЕЛЕКЦИЈА ПО ЈАВЕН ПОВИК ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР И НАДЗОРНИОТ ОДБОР ЗА КОНТРОЛА НА МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈП „БИЛЈАНИНИ ИЗВОРИ“ - ОХРИД**

**Член 1**

Се формира Комисија за селекција по јавен повик за избор на членови на Управниот одбор и Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Билјанини извори“ - Охрид, во следниот состав:

-Игор Наумоски-претседател (вработен во општина Охрид),
-Кристина Алачов-заменик претседател (вработена во општина Охрид),
-Лидија Грданоска-член (вработена во општина Охрид-човечки ресурси),
-Владимир Ристески-заменик член (вработен во општина Охрид -човечки ресурси),
-Билјана Николовска-член (вработена во ЈП „Билјанини извори“ - Охрид),
-Надица Локоска-заменик член (вработена во ЈП „Билјанини извори“ - Охрид).

Комисијата има задача да ја спроведе постапката за селекција на кандидати, согласно одредбите од Законот за јавните претпријатија.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Охрид“.

**Број 08-5185/15** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.04.2026 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ФОРМИРАЊЕ КОМИСИЈА ЗА СЕЛЕКЦИЈА ПО ЈАВЕН ПОВИК ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР И НАДЗОРНИОТ ОДБОР ЗА КОНТРОЛА НА МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈП ВОДОВОД - ОХРИД**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за формирање Комисија за селекција по јавен повик за избор на членови на Управниот одбор и Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП Водовод - Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2026 година.

**Број 09- 5185/70** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.04.2026 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 17-а став 4 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96, 6/02 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/2014, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19, 275/19, 89/22 и 208/24), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2026 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ФОРМИРАЊЕ КОМИСИЈА ЗА СЕЛЕКЦИЈА ПО ЈАВЕН ПОВИК ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР И НАДЗОРНИОТ ОДБОР ЗА КОНТРОЛА НА МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈП ВОДОВОД - ОХРИД**

**Член 1**

Се формира Комисија за селекција по јавен повик за избор на членови на Управниот одбор и Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП Водовод - Охрид, во следниот состав:

-Игор Наумоски-претседател (вработен во општина Охрид),

-Кристина Алачов-заменик претседател (вработена во општина Охрид),
-Лидија Грданоска-член (вработена во општина Охрид-човечки ресурси),
-Владимир Ристески-заменик член (вработен во општина Охрид
-човечки ресурси),
-Билјана Ангелеска-член (вработена во ЈП Водовод-Охрид),
-Дејан Шикоски-заменик член (вработен во ЈП Водовод-Охрид).

Комисијата има задача да ја спроведе постапката за селекција на кандидати, согласно одредбите од Законот за јавните претпријатија.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Охрид“.

**Број 08-5185/16**
**28.04.2026 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ФОРМИРАЊЕ КОМИСИЈА ЗА СЕЛЕКЦИЈА ПО ЈАВЕН ПОВИК ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР И НАДЗОРНИОТ ОДБОР ЗА КОНТРОЛА НА МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈП „ГРАДСКИ ГРОБИШТА“-ОХРИД

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за формирање Комисија за селекција по јавен повик за избор на членови на Управниот одбор и Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Градски гробишта“-Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2026 година.

**Број 09- 5185/71**
**28.04.2026 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 17-а став 4 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96, 6/02 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/2014, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19, 275/19, 89/22 и 208/24), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2026 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ФОРМИРАЊЕ КОМИСИЈА ЗА СЕЛЕКЦИЈА ПО ЈАВЕН ПОВИК ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР И НАДЗОРНИОТ ОДБОР ЗА КОНТРОЛА НА МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈП „ГРАДСКИ ГРОБИШТА“ - ОХРИД**

**Член 1**

Се формира Комисија за селекција по јавен повик за избор на членови на Управниот одбор и Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Градски гробишта“-Охрид, во следниот состав:

-Игор Наумоски-претседател (вработен во општина Охрид),
-Кристина Алачов-заменик претседател (вработена во општина Охрид),
-Лидија Грданоска-член (вработена во општина Охрид-човечки ресурси),
-Владимир Ристески-заменик член (вработен во општина Охрид
-човечки ресурси),
-Сашка Каралиевска-член (вработена во ЈП „Градски гробишта“-Охрид),
-Николина Танеска Кајмакоски-заменик член (вработена во ЈП „Градски гробишта“-Охрид).

Комисијата има задача да ја спроведе постапката за селекција на кандидати, согласно одредбите од Законот за јавните претпријатија.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Охрид“.

**Број 08-5185/17** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.04.2026 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ФОРМИРАЊЕ КОМИСИЈА ЗА СЕЛЕКЦИЈА ПО ЈАВЕН ПОВИК ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР И НАДЗОРНИОТ ОДБОР ЗА КОНТРОЛА НА МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈП „НИСКОГРАДБА ОХРИД“-ОХРИД**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за формирање Комисија за селекција по јавен повик за избор на членови на Управниот одбор и Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Нискоградба Охрид“-Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2026 година.

**Број 09- 5185/72** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.04.2026 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 17-а став 4 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96, 6/02 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/2014, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19, 275/19, 89/22 и 208/24), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2026 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ФОРМИРАЊЕ КОМИСИЈА ЗА СЕЛЕКЦИЈА ПО ЈАВЕН ПОВИК ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР И НАДЗОРНИОТ ОДБОР ЗА КОНТРОЛА НА МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈП „НИСКОГРАДБА ОХРИД“ - ОХРИД**

**Член 1**

Се формира Комисија за селекција по јавен повик за избор на членови на Управниот одбор и Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Нискоградба Охрид“-Охрид, во следниот состав:

-Игор Наумоски-претседател (вработен во општина Охрид),
-Кристина Алачов-заменик претседател (вработена во општина Охрид),
-Лидија Грданоска-член (вработена во општина Охрид-човечки ресурси),
-Владимир Ристески-заменик член (вработен во општина Охрид
-човечки ресурси),
-Марина Јанева-член (вработена во ЈП „Нискоградба Охрид“-Охрид),
-Петар Ристески-заменик член (вработен во ЈП „Нискоградба Охрид“-Охрид).

Комисијата има задача да ја спроведе постапката за селекција на кандидати, согласно одредбите од Законот за јавните претпријатија.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Охрид“.

**Број 08-5185/18**
**28.04.2026 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ФОРМИРАЊЕ КОМИСИЈА ЗА СЕЛЕКЦИЈА ПО ЈАВЕН ПОВИК ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР И НАДЗОРНИОТ ОДБОР ЗА КОНТРОЛА НА МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈП „ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“-ОХРИД**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за формирање Комисија за селекција по јавен повик за избор на членови на Управниот одбор и Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Охридски комуналец“-Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2026 година.

**Број 09- 5185/73**
**28.04.2026 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 17-а став 4 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96, 6/02 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/2014, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19, 275/19, 89/22 и 208/24), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2026 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### ЗА ФОРМИРАЊЕ КОМИСИЈА ЗА СЕЛЕКЦИЈА ПО ЈАВЕН ПОВИК ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР И НАДЗОРНИОТ ОДБОР ЗА КОНТРОЛА НА МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈП „ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ - ОХРИД

**Член 1**

Се формира Комисија за селекција по јавен повик за избор на членови на Управниот одбор и Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Охридски комуналец“-Охрид, во следниот состав:

-Игор Наумоски-претседател (вработен во општина Охрид),
-Кристина Алачов-заменик претседател (вработена во општина Охрид),
-Лидија Грданоска-член (вработена во општина Охрид-човечки ресурси),
-Владимир Ристески-заменик член (вработен во општина Охрид
-човечки ресурси),
-Магдалена Билбилоска-член (вработена во ЈП „Охридски комуналец“-Охрид),
-Ирена Довлева-заменик член (вработена во ЈП „Охридски комуналец“-Охрид).

Комисијата има задача да ја спроведе постапката за селекција на кандидати, согласно одредбите од Законот за јавните претпријатија.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Охрид“.

**Број 08-5185/19**
**28.04.2026 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ФОРМИРАЊЕ КОМИСИЈА ЗА СЕЛЕКЦИЈА ПО ЈАВЕН ПОВИК ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР И НАДЗОРНИОТ ОДБОР ЗА КОНТРОЛА НА МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈП „ГРАДСКИ ПАЗАР“ - ОХРИД**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за формирање Комисија за селекција по јавен повик за избор на членови на Управниот одбор и Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Градски пазар“ - Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2026 година.

**Број 09- 5185/74** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.04.2026 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 17-а став 4 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96, 6/02 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/2014, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19, 275/19, 89/22 и 208/24), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2026 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ФОРМИРАЊЕ КОМИСИЈА ЗА СЕЛЕКЦИЈА ПО ЈАВЕН ПОВИК ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР И НАДЗОРНИОТ ОДБОР ЗА КОНТРОЛА НА МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈП „ГРАДСКИ ПАЗАР“ - ОХРИД**

**Член 1**

Се формира Комисија за селекција по јавен повик за избор на членови на Управниот одбор и Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Градски пазар“ - Охрид, во следниот состав:

-Игор Наумоски-претседател (вработен во општина Охрид),
-Кристина Алачов-заменик претседател (вработена во општина Охрид),
-Лидија Грданоска-член (вработена во општина Охрид-човечки ресурси),
-Владимир Ристески-заменик член (вработен во општина Охрид-човечки ресурси),
-Гордана Малеска-член (вработена во ЈП „Градски пазар“ - Охрид),
-Мириса Парталко-заменик член (вработена во ЈП „Градски пазар“ - Охрид).

Комисијата има задача да ја спроведе постапката за селекција на кандидати, согласно одредбите од Законот за јавните претпријатија.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Охрид“.

**Број 08-5185/20**
**28.04.2026 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ И ЗАВРШНАТА СМЕТКА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАЗВОЈ НА ЈУГОЗАПАДНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН ЗА 2025 ГОДИНА**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за усвојување на Годишниот извештај и завршната сметка за реализација на Програмата за развој на Југозападниот плански регион за 2025 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2026 година.

**Број 09- 5185/75**
**28.04.2026 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 1/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2026 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ И ЗАВРШНАТА СМЕТКА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАЗВОЈ НА ЈУГОЗАПАДНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН ЗА 2025 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Годишниот извештај и завршната сметка за реализација на Програмата за развој на Југозападниот плански регион за 2025 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник“ на општина Охрид.

**Број 08-5185/21**
**28.04.2026 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОРГАНИЗАЦИЈАТА, ДЕЛОКРУГОТ И НАЧИНОТ НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ЗАДАЧИТЕ НА ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА НА ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2026 година.

**Број 09- 5185/76**
**28.04.2026 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 57 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.5/02 „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 18 од Статутот на Општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид” бр.8/07, 1/08, 10/10, 5/11, 9/14, 14/14, 10/19 и 15/20) и член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19, 14/20 и 208/24), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2026 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ОРГАНИЗАЦИЈАТА, ДЕЛОКРУГОТ И НАЧИНОТ НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ЗАДАЧИТЕ НА ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА НА ОПШТИНА ОХРИД**

**I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ**

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Охрид, видовите на организациони единици, условите за нивно образување и раководење со нив.

**Член 2**

(1) Општинската администрација на Општина Охрид ( во натамошниот текст: општинска администрација) ги извршува работите од надлежност на органите на Општината, односно Советот и Градоначалникот.

(2) Општинската администрација:

- ги подготвува актите за Советот и Градоначалникот;
- ги подготвува седниците на Советот, како и седниците на неговите постојани и повремени комисии;
- врши стручни работи за Советот и Градоначалникот;
- го води сметководството на Општината;
- ја следи проблематиката во областите од надлежност на Општината, врши анализа на состојбите и дава иницијативи и предлози за нивно решавање ;
- доставува информации и податоци во врска со активностите на Општината на барање на надлежните органи или врз основа на закон;
- ракува со документите на општината и ги чува се до нивното уништување, односно предавање во Државниот архив на Република Северна Македонија и
- врши и други работи што ќе и ги определи Советот и Градоначалникот.

(3) Општинската администрација ги извршува работите од надлежност на органите на Општината во согласност со Уставот и со закон, со Статутот на Општината и со други прописи и општи акти донесени врз основа на закон.

**Член 3**

Врз основа на надлежностите на Општината утврдени со закон, како и групирањето на работите и задачите според видот, обемот, сложеноста, нивната меѓусебна сродност и поврзаност, општинската администрација се организира во сектори, одделенија и Територијална противпожарна единица на Општината.

**Член 4**

(1) Сектор се образува заради обединување на повеќе меѓусебно поврзани подрачја од надлежност на органите на Општината, како и заради организирање, следење и координирање на работите од надлежност на одделенијата во неговиот состав и унапредување на меѓусебната соработка на одделенијата.

(2) Одделение се образува заради непосредно извршување на една од следните работи: нормативно-правни, управување со човечки ресурси, стручно-аналитички, управни, управно-надзорни, информативно-документациони, информативно-комуникациски,стручно-оперативни, материјално-финансиски, инвестициони, информатичко-технолошки, стручно-административни и други работи.

(3) Територијална противпожарна единица на Општината се образува заради вршење на со закон утврдените работи од областа на заштита од пожари.

## II. ОРГАНИЗАЦИЈА И ДЕЛОКРУГ НА ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА

**Член 5**

(1) Општинската администрација се организира во следните сектори, одделенија и Територијална противпожарна единица на Општината.

**1. Сектор за правни работи;**

- Одделение за правни работи;
- Одделение за поддршка на советот

**2. Сектор за општи работи;**
- Одделение за информатичка технологија и административно техничка поддршка
- Одделение за заштита, спасување и управување со кризи

**3. Сектор за финансиски прашања**,
- Одделение за буџетска координација;
- Одделение за буџетска контрола;
- Одделение за сметководство и плаќања;

**4. Сектор за даноци и комунални такси;**
- Одделение за утврдување и наплата на данок на имот, данок на промет и данок на наследство и подарок;
- Одделение за прием, издавање, заверка на документи за даноци на имот, проценка на недвижен имот, присилна наплата и сметководство;
- Одделение за комунални такси;

**5. Сектор за урбанизам и управување со градежно земјиште;**
- Одделение за просторно планирање и урбанистичко планирање
- Одделение за управување со градежно земјиште и недвижен имот на општината;
- Одделение за спроведување на урбанистички планови;

**6. Сектор за заштита на животната средина и управување со отпад;**
- Одделение за планирање и управување со заштитени подрачја и други заштитени делови на природата;
- Одделение за управување со отпад и регионални депонии;

**7. Сектор за комунални дејности и сообраќај;**
- Одделение за комунални дејности;
- Одделение за сообраќај;

**8. Сектор за јавни дејности;**
- Одделение за поддршка на процесите во образованието;
- Одделение за инвестиции во образованието, градинки и следење на реализацијата на капиталните програми;
- Одделение за детска, здравствена и социјална заштита;
- Одделение за спорт, млади и невладини организации;

**9. Сектор за туризам, култура и локален економски развој;**
- Одделение за туризам;
- Одделение за култура;
- Одделение за локален економски развој;

**10. Сектор за меѓународна соработка и соработка со УНЕСКО;**
- Одделение за меѓународна соработка;
- Одделение за соработка со УНЕСКО;

**11. Сектор за поддршка на градоначалникот;**
- Одделение за протокол;
- Одделение за односи со јавност;

**12. Сектор за инспекциски надзор – Инспекторат;**
- Одделение за инспекциски работи во областа на градежништвото, животната средина, патниот сообраќај и локалните патишта;
- Одделение за инспекциски работи во областа на домувањето, туризмот, просветната, даночната и комунална инспекција и управување со комуналните редари;

**13. Одделение за управување со човечки ресурси;**

**14. Одделение за јавни набавки;**

**15. Одделение за внатрешна ревизија;**

**16. Територијална противпожарна единица на Општината.**

(2) Составен дел на оваа Одлука е графичкиот приказ на организацијата на општинската администрација на Општината (органограм).

**Член 6**

**(1) Секторот за правни работи** ги врши работите што се однесуваат на: подготвувањето на актите за советот и градоначалникот, подготвувањето на седници на советот и на неговите комисии и вршење стручни работи за советот; ракување и чување на документите на општината до нивно предавање на Државниот архив на Република Северна Македонија; спроведување на постапката за експропријација на недвижности; следење на прописите и нивните измени и дополнувања; давање мислење на актите од аспект на нивната законитост; застапување на општина пред домашните судови; изготвување на договори.

**(1.1) Одделението за правни работи и** ги врши работите што се однесуваат на:

**-** подготвување на нормативните како и поединечните акти од надлежност на советот и градоначалникот;

- давање на мислења за усогласеноста на општите акти со законите и со другите прописи;
- вршење на работите во врска со постапката за експропријација на недвижности;
- вршење на работите што се однесуваат на канцелариското и архивското работење;
- изготвување на договори;
- застапување на општината пред домашните судови;
- организирање на активностите на облиците на месна самоуправа;

**(1.2) Одделението за поддршка на советот и** ги врши работите што се однесуваат на:

- подготвување на програмата за работа на советот;
- подготвување седници на советот и неговите комисии;
- изготвување записници од работата на советот и неговите комисии;
- вршење на работите што се однесуваат на организирање средби и патувања за членовите на советот;
- врши и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи
- врши и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**Член 7**

**(2) Секторот за општи работи** врши работи што ќе му бидат доверени утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи, одржување на возниот парк на општината; преведување и лекторирање за потребите на градоначалникот и општинската администрација, одржувањето на објектите, опремата и инвентарот; информатичко-комуникациската технологија, развојот на информатичката технологија за потребите на општината и врши други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**(2.1) Одделението за информатичка технологија и административно техничка поддршка** ги врши работите што се однесуваат на:

- работите поврзани со возниот парк;
- работите поврзани со одржувањето на чистотата во работните простории и општинското дворно место;
- одржување на објектите, опремата и инвентарот;

- лекторирање на документација за потребите на градоначалникот и општинската администрација;
- печатење и фотокопирање на материјали;
- врши и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.
- предлагање и реализира на стратегија за воведување информациски систем во општината;
- организирање, одржување и унапредување на информацискиот систем на општината;
- предлагање и реализирање на стратегија за безбедност на информациите во информацискиот систем на општината;
- организирање на обуката за вработените во општинската администрација за примена на информациско-комуникациската технологија;
- предлагање информациски проекти што би учествувале на конкурси на домашни и на странски донатори;
- следење на искуствата и напредокот на информациските технологии и ги применува во општинскиот информациски систем;
- развивање на информатичката технологија преку изработка на бази на податоци за потребите на општината, конфигурирање, контрола, одржување и дополнување на хардверски и софтверски подсистеми;
- врши и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**(2.2) Одделение за заштита, спасување и управување со кризи** ги врши работите што се однесуваат на:
- безбедноста при работа согласно Законот за безбедност и здравје при работа;
- заштита при работа и унапредување на заштитата при работа;
- заштита при работа и унапредување на заштитата при работа;
- евиденција за спроведените испитувања на физичките, хемиските и биолошките штетности и на микроклимата во работните и помошните простории, односно на работните места;
- подготвува планот за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи на подрачјето на општината;
- изготвување проценка на загрозеност, ризиците и опасностите на локално ниво;
- изготвување на предлогот за висината на средствата од буџетот на општината потребни за заштита и спасување и надомест на штета од природни непогоди и други несреќи;
- следење на состојбата во врска со реализацијата на одлуките на Советот на општината од областа на заштитата, спасувањето и одбраната;
- спроведување на подготовката на силите за заштита и спасување кои ги формирала општината;
- учество во работата на општинскиот штаб за заштита и спасување;
- учество во подготовка на годишната акциона програма за заштита и спасување, која содржи општи нормативни претпоставки како да се реализира националната стратегија за заштита и спасување;
- учество во подготвување на планот за заштита и спасување од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи на подрачјето на Општината и пред да биде донесен од Советот на општината, го доставува на мислење до Дирекцијата за заштита и спасување;

- утврдување на обврските и во координирање на активностите на јавните претпријатија установи и служби основани од Општина Охрид заради отстранување на последиците од настанатите природни непогоди и други несреќи;

**Член 8**

**(3) Секторот за финансиски прашања** ги врши работите што се однесуваат на: следење и примена на законите и подзаконските акти од областа на буџетското и материјално - финансиското работење, управување, следење и контрола на состојбата и движењето на средствата и изворите на средствата на Општината утврдени со буџетот, подготвување, извршување и известување за извршувањето на буџетот за Општината, подготовка на стратешкиот план на Општината , измена и дополнување на буџетот и стратешкиот план на Општината, контрола на подготовката и извршувањето на буџетот, спроведува ex-ante и ex-post финансиска контрола, изготвувањето на финансиски план за извршувањето на буџетот (месечен, квартален и годишен) за Општината и единките корисници на Општината,следењето на остварувањето на приходите и извршувањето на трошоците на Општината, сметководствено евидентирање за извршувањето на буџетот и подготвување на годишна сметка, подготовка на Годишен финансиски извештај, благајничко работење, подготовка, примање, ликвидирање и контрола на сметководствената документација , пресметувањето и исплатата на платите на вработените во Општината и врши и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**(3.1) Одделението за буџетска координација** ги врши работите што се однесуваат на:

- координирање на процесот за подготвување и изменување и дополнување на буџетот и стратешкиот план на Општината;
- координирање на процесот на развој, воспоставување, спроведување и одржување на финансиското управување и контрола;
- давање предлози за воспоставување/укинување на ex ante финансиска контрола со вршење на проценка на ризик и ажурирање на процедурите за работните процеси од областа на финансиското управување и контрола;
- задолжително дава мислења по предлог актите што ги изготвуваат другите организациони единици во Општината и предлог актите на други субјекти кои имаат или може да имаат финансиски импликации за буџетот на Општината;
- изготвување план за воспоставување на финансиското управување и контрола како и методологија за спроведување на планот кои ги одобрува градоначалникот;
- следење и примена на законската регулатива од областа на буџетското работење;
- подготовка на извештај за реализирани програми, проекти и договори;
- подготовка на извештај за активностите за воспоставување и развој на финансиското управување и контрола;
- вршење на самопроценки на одделни процеси на системот на финансиско управување и контрола;
- Подготовка на Годишниот финансиски извештај од член (47) од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и
- врши и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**(3.2) Одделението за буџетска контрола** ги врши работите што се однесуваат на:

- вршење контрола на извршувањето на буџетот;

- вршење контрола на извршувањето на утврдените политики и оперативното управување (надзор над целокупниот процес на финансиското управување и контрола);

- следење на реализацијата на договорите за јавните набавки и спроведува ex ante и ex post финансиска контрола;

- вршење документирана контрола на комплетноста и исправноста на целокупната документација (фактури, порачки, испратници, работни налози, приемници и друго и нивна усогласеност со договорот за јавни набавки;)

- изготвување информации и извештаи за извршувањето на буџетот;

- следење и применување на законската регулатива (закони, подзаконски акти, прописи, стандарди, упатства) од областа на финансиското управување и контрола;

- вршење контрола на расположливоста на планираните средства во буџетот/финансискиот план пред преземање на обврските и

- врши и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**(3.3) Одделението за сметководство и плаќања** ги врши работите што се однесуваат на:

- спроведување на сметководствено евидентирање за извршување на буџетот/финансискиот план и подготвувањето на годишна сметка (биланс на состојба, биланс на приходите и расходите, консолидиран биланс на капиталниот имот, биланс на задолжување и белешки/образложение кон финансиските извештаи);

- вршење на сметководствено евидентирање на основните средства на Општината, евидентирање и наплата на побарувањата и евидентирање и плаќање на достасаните обврски;

- вршење на буџетското и финансиското известување;

- заштита на средствата и обврските чија вредност е евидентирана во билансот на состојба;

- изготвување годишни, квартални и месечни финансиски планови за буџетот на Општината и неговите единки корисници согласно законските прописи;

- вршење ex ante сметководствена контрола на целокупната документација пред да се изврши плаќањето согласно пишаните процедури за сметководствените процеси;

- следење и применување на законската регулатива од областа на сметководствено, материјално и финансиско работење;

- вршење секојдневно водење на благајнички работи и трезор;

- вршење пресметка и исплата на платите на вработените и

- врши и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**Член 9**

**(4) Секторот за даноци и комунални такси** ги врши работите што се однесуваат на:
облог на обврзниците со даноци кои согласно закон претставуваат извори на финансирање на општината; следење на наплатата на даноците; подготвување извештаи и информации за состојбите во областа на даноците; грижа за извршување и присилна наплата на даноците; вршење на работите што се однесуваат на облог на обврзниците со комунални такси кои согласно закон претставуваат извори на финансирање на општината; следење на наплатата на комуналните такси; подготвување извештаи и информации за состојбите во областа на комуналните такси; грижа за извршување и присилна наплата на комуналните такси и врши и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**(4.1) Одделението за утврдување и наплата на данок на имот, данок на промет и данок на наследство и подарок** ги врши работите што се однесуваат на:
- навремено спроведување на работите кои се однесуваат на утврдување и наплата на данокот на промет на недвижности и данокот на наследство и подарок
- утврдување на данокот на промет на недвижности
( задолжување или ослободување) правилно и во законски уутврдените рокови;
- изготвување на решенија во законски утврдените рокови;
-изготвување извештај за даночните обврзници на недвижниот имот каде како нарачател се јавува општина Охрид;
-остварување контакти со даночните обврзници за проблематика поврзана со данокот на промет на недвижен имот..
- вршење контрола на пријавите;
- водење книга за евиденција на даночните пријави;
- издавање уверенија за платени даноци;
- следење на уплатите од даночните обврзници и подготвување податоци за изготвување извештаи за реализацијата на даночните обврски;
- изготвување и испраќање опомени за неплатени даноци до даночните обврзници;
- примање на барањата за одлагање на плаќањата и за обезбедување на даночен долг;
- изготвување решенија со утврдена вредност на данокот на имот;
- утврдување на данокот на наследство и подарок
- ( задолжување или ослободување) правилно и во законски утврдените рокови;
- - врши и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи

**(4.2) Одделението за прием, издавање, заверка на документи за даноци на имот, проценка на недвижен имот, присилна наплата и сметководство** ги врши работите што се однесуваат на:
- изготвување решенија за присилна наплата на даноците;
- решава по жалби на даночните обврзници;
- водење и ажурирање на евиденцијата на даночните обврзници;
- следење на наплатата на даноците и подготвување опомени за плаќање на даночен долг;
- изготвување предлози за извршување и доставување до надлежните органи и институции;
- подготвување документација потребна за спроведување на јавно наддавање;
- изготвување анализи, извештаи и информации за бројот на даночните обврзници, доставените решенија и остварените обврски по овие основи;
- изготвување стручно-аналитички и други материјали за комисиите на Советот на Општината;
- процена на пазарната вредност на недвижниот имот за пресметување на данок на имот во законски утврдените рокови;
-- врши и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи

**(4.3) Одделението за комунални такси** ги врши работите што се однесуваат на:
- вршење на работите што се однесуваат на облог на обврзниците со комунални такси кои согласно закон претставуваат извори на финансирање на општината;
- следење на наплатата на комуналните такси;
- подготвување извештаи и информации за состојбите во областа на комуналните такси;
- грижа за извршување и присилна наплата на комуналните такси;

- врши и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**Член 10**

**(5) Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште** ги врши работите што се однесуваат на: урбанистичко планирање на просторот, издавање на услови и одобренија за градба на објекти од локално значење утврдени со закон; управување со градежното земјиште кое се наоѓа на подрачјето на општина Охрид; следење на состојбата во областите и предлагање на мерки и активности за подобрување на истите; грижа за недвижниот имот сопственост на Општината и врши други работи утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**(5.1) Одделението за просторно и- урбанистичко планирање** ги врши работите што се однесуваат на:

- просторно и урбанистичко планирање на просторот во општината;
- покренување иницијатива и предлози за донесување, изменување и дополнување на генерални и детални урбанистички планови;
- подготвување на годишна програма за урбанистичко планирање на просторот;
- следење на спроведувањето на урбанистичките планови;
-подготвување анализи и информации за состојбите во урбанистичкото планирање;
- врши и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**(5.2) Одделението за управување со градежно земјиште и недвижен имот на општината** ги врши работите што се однесуваат на:

- подготвување програма за управување со градежно земјиште кое се наоѓа на подрачјето на општина Охрид;
- водење постапка за регулирање на градежното земјиште и начинот на неговото управување;
- подготвување договори и целокупна документација потребна за спроведување на постапката за отуѓување, давање под долготраен и краткотраен закуп и со непосредна спогодба на градежното земјиште што се наоѓа на подрачјето на општина Охрид;
- водење грижа и евиденција за недвижниот имот на општината и управува со недвижниот имот на општината.
- врши и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**(5.3) Одделението за спроведување на урбанистички планови** ги врши работите што се однесуваат на:

- издавање на изводите од урбанистичките планови;
- издавање на одобренијата за градба на објекти;
- врши одобрување на техничката документација;
- издавање одобренијата за употреба на објекти;
- вршење увид во реализација на планската документација и поведува иницијатива за измена и дополнување на истата;
- изготвување анализи, информации и дава предлози за промена на законската регулатива за спроведување на урбанистичките планови;

- врши и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**Член 11**

**(6) Секторот за заштита на животна средина и управување со отпад** ги врши работите што се однесуваат на: издавање на дозволи и елаборати за животна средина од локално значење утврдени со закон, заштита на животната средина и приордата и преземање мерки за заштита и спречување на загадување на водата, воздухот и почвата, следење на состојбата во областите и предлагање на мерки и активности за подобрување на истите, и врши други работи утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**(6.1) Одделението за планирање и управување со заштитени подрачја и други заштитени делови од природата** ги врши работите што се однесуваат на:

- подготвување анализи и информации за состојбите со животната средина;
- водење постапка за издавање на Б интегрирани еколошки дозволи;
- водење постапка за одобрување на елаборати за оценка на влијанието врз животната средина;
- спроведување постапка за влијанието на определени стратегии, планови и програми врз животната средина;
- изготвување и спроведување на годишната програма за животна средина и природа;
- подготвување анализи и информации за состојбите со животната средина и природата;
- предлагање мерки за заштита на животната средина и природата;

- врши и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**(6.2) Одделението за управување со отпад и регионални депонии** ги врши работите што се однесуваат на:

- предлагање мерки за заштита и спречување од загадување на водата, воздухот и почвата;
- врши изготвување и спроведување на стратешки, плански и програмски документи за управување со отпад;
- врши подготовка на проекти и други активности за реализација на регионален план, како и други проекти од интерес за развој на регионалниот систем;
- вршење мониторинг над обемот и квалитетот на извршените услуги во рамките на регионалниот систем;
- вршење организирање на информативен систем за животна средина на локално ниво со кој се обезбедува собирање и презентација на податоци за општата состојба во врска со управувањето со неопасен отпад;
- вршење подготовка на проекти и следење на проектната имплементација;
- вршење мониторинг на животната средина и природата;
- врши и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**Член 12**

**(7) Секторот за комунални дејности и сообраќај** ги врши работите што се однесуваат на: уредувањето на градежното земјиште; изградба, реконструкција и одржување на улиците и

други инфраструктурни објекти од значење и надлежност на Општината; изградба и одржување на мрежи за јавно осветлување; изградба и одржување на паркови и зеленила; уредување и организирање општинскиот линиски превоз на патници и такси превозот на патници; организирање на режимот на сообраќај; изградба и одржување на сообраќајна сигнализација; изградба и одржување на стационарниот сообраќај; организирање и регулирање на користењето на јавните површини; изградба, одржување, реконструкција и заштита на локалните патишта; определување на имиња на улици, плоштади и други инфраструктурни објекти; следење на состојбата во областите и предлагање на мерки и активности за подобрување на истите и врши други работи утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**(7.1) Одделението за комунални дејности** ги врши работите што се однесуваат на:

- вршење на работите што се однесуваат на уредувањето на градежното зенјиште и изготвува годишна програмата за уредување на градежно земјиште;
- изготвување годишна програма за изградба и одржување на објекти од електроенергетска инфраструктура и нисконапонска мрежа;
- изготвување развојни и годишни програми за водоснабдување;
- изготвување развојни и годишни програми за канализациони мрежи и атмосверски мрежи;
- изготвување програма за користење и одржување на речните корита во урбаните зони од општината;
- подготвување на листата за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти;
- изгитвување и обезбедување техничка документација за сите погоре наведени активности;
- издавање дозвола за поставување на инсталации во патниот и заштитниот појас;
- давање квартални и годишни извештаи за реализацијата на програмите од одделението;
- врши и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**(7.2) Одделението за сообраќај** ги врши работите што се однесуваат на:

- уредување на динамичкиот и стационарниот режим на сообраќај;
- организирање на општинскиот линиски превоз на патници;
- организирање на такси-превозот на патници;
- изготвување развојна и годишна програма за изградба и реконструкција на локални патишта и улици;
- изготвување годишна програма за одржување на локалните патишта и улици;
- изготвување годишна програма за изградба и одржување на мрежи за јавно осветлување;
- изготвувње годишна програма за изградба и одржување на јавни паркови и зеленила;
- изготвува годишна програма за јавна чистота;
- изготвување на програма за изградба и одржување на вертикална и хоризонтална сообраќајна сигнализација;
- потготвување на програма за зимско одржување на локалните патишта и улици;
- давање квартални и годишни извештаи за реализација на сите програми во надлежност на одделението;
- вршење стручен надзор врз реализацијата на сите донесени програми од страна на Советот на Општина Охрид а се однесуваат на одделението;

- издавање лиценци за општински линиски превоз на патници и такси превоз на патници, дозволи за посебен линиски превоз и води регистар за истите;
- издавање одобренија за превоз на патници и стока во внатрешната пловидба;
- врши и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**Член 13**

**(8) Секторот за јавни дејности** ги врши работите што се однесуваат на: следење на состојбата во областите на образованието; следење и поттикнување на активностите поврзани со образовниот систем; следење на прописите од овие области и предлагање мерки и активности што треба да ги преземат советот и градоначалникот; следење на состојбите во спортот во рамките на надлежностите кои општината задолжително ќе ги извршува; следење и поттикнување на активностите на здруженијата на граѓани и фондации чија активност е од интерес на општината; следење на прописите од овие области и предлагање мерки и активности што треба да ги преземат советот и градоначалникот и врши други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**(8.1) Одделението за поддршка на процесите во образованието** ги врши работите што се однесуваат на:

- изготвување анализи, информации и извештаи за работите и состојбите во средното образование во Општина Охрид;
- подготвување предлог за усвојување на годишната програма за работа и извештајот за реализација на годишната програма на јавните средни училишта и на ученичките домови;
- прибирање податоци и правење анализи на предлозите на уличиштата за запишување ученици во прва година средно образование;
- подготвување предлог за запишување ученици во јавните средни училишта и за запишување и прием на ученици во ученичките домови;
- изготвување извештаи за реализација на уписната политика;
- подготвување предлог за формирање паралелки со помал број ученици во јавните средни улилишта
- устројување евиденција за опфатот на децата во средното образование и предлага мерки за подобрување на состојбите;
- следење на состојбите за опфатот на децата со посебни потреби во системот на средното образование;
- подготвување предлог за прекин на воспитно образовната работа во вонредните состојби;
- покренување иницијативи за изменување и дополнување на наставните планови и програми во постојните јавни средни училишта за задоволување на посебните потреби на Општината во согласност со потребите на пазарот на трудот;
- иницирање активности за воннаставни активности во јавните средни училишта;
- водење регистар на средните училишта и на ученичките домови на подрачјето на општината;
- давање стручно мислење по предлозите за основање јавни средни училишта, ученички домови и установи за образование за возрасни;
- подготвување предлог за покренување постапка за престанување со работа на јавните средни училишта, ученички домови и установи за образование за возрасни;
- предлагање мерки и активности за подршка и помош на иницијативите за модернизација на училиштата и на ученичките домови;

- преземање активности поврзани до доквалификација и преквалификација на возрасни лица;
- врши и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**(8.2) Одделението за инвестиции во образованието, градинки и следење на реализацијата на капиталните програми:** ги врши работите што се однесуваат на:
- предлагање програми за основање, управување, финансирање и одржување на установи во образовниот систем;
- предлагање преземање мерки за капитални инвестицци и образовните институции;
- овозможување санација, реконструкција и оддржување на образовните институции на подрачјето на Општината;
- предлагање мерки и активности за здравствено воспитување;
- предлага мерки за унапредување на образовниот систем;
- следење на реалните капитални програми;
- соработува со другите Одделенија заради ефективно и ефикасно извршување на работните задачи на Одделението;
- врши и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**(8.3) Одделението за детска, здраствена и социјална заштита** ги врши работите што се однесуваат на:
- предлагање програми за основање, управување, финансирање и одржување на установи за институционална и вонинституционална социјална заштита;
- овозможување саоцијална и здравствена заштита и заштита на децата на подрачјето на Општината;
- предлагање мерки и активности за здравствено воспитување;
- предлага мерки за унапредување на здравјето и превентивни активности;
- предлагање мерки за вршење надзор над заразните болести;
- предлагање мерки за помош на пациенти со специјални потреби;
- врши и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи

**(8.4) Одделението за спорт млади и невладини организации** ги врши работите што се однесуваат на:
- подготвување програма за развој на масовниот спорт и рекреативните активности на граѓаните опфатени во програмите на спортските и спортско-рекреативните клубови во реализација на учелишниот и студенскиот спортски систем, спортот за сите и особено особено спортско рекреативни активности на лица со посебни потреби;
- подготвување програма за одржување и изградба на објекти за спорт, одржување, користење и опремување, планирање и изградба на современи спортски објекти;
- поготвување на предлогот за утврдување на мрежата на спортските објекти и нивно класифицирање;
- подготвување на предлогот за определување рекреативни зони за масно спортување;
- подготвување програма за подржување на Советот на Спортови на Општината;
- давање стручно мислење за извештајот на Сојузот на Спортови на Општината за исполнување на програмите и роковите утврдени во нив;

- подготвување на предлогот на прописот на категоризација на објектите за спорт во сопственост на Општината;

- врши и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

- подобрување на положбата на младите во општеството;

- вмрежување и претставување на младите од Охрид на регионално, национално и меѓународно ниво;

- учество и вклучување во креирањето на младинските политики;

- формирање на работни групи по области и приоритети, за потемелно и поефикасно истражување на потребите на младите;

- организирање на трибини, дебати, фокус групи, консултации, семинари и конференции;

- учествување, спроведување и реализација на проекти;

- изработување на програми од делокругот на својата област;

- врши други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**Член 14**

**(9) Секторот за туризам, култура и локален економски развој** ги врши работите што се
однесуваат на: промовирање на туристичките и културни вредности на Општината; туристичка и угостителска дејност од мал обем; локалниот економски развој преку изработка на програми и мерки за поддршка на малите и средни претпријатија и претприемништвото на локално ниво и вршителите на занаетчиска дејност и врши други работи утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**(9.1) Оделелението за туризам** ги врши работите што се однесуваат на:

- промовирање на туристичките вредности на општината;

- подготвување на програмите и предлагање мерки за развој на облиците на туристичка и угостителска дејност од мал обем;

- водење на регистарот на вршители на туристичка и угостителска дејност од мал обем;

- давање туристички информации и врши дистрибуција на информативно промотивни материјали;

- врши и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**(9.2) Одделението за култура** ги врши работите што се однесуваат на:

- соработување со јавните институции, здруженија и други непрофитни организации кои се однесуваат на реализација на различни културни програми, како и врши анализа на ефективноста на спроведените програми и проекти на овие културни ентитети;

- следење на извршувањето на буџетот, како и на ефектите и оправданоста на индивидуални програми во областа на музиката, театарот, музејската и галериска активност, фолклорот и филмската индустрија, Одделението работи на издавање на препораки и одобренија потребни за извршување на одредени културни програми;

- реновирање на „Календар на настани во Општина Охрид“ на нивните веб-сајтови кои нудат детални информации за видот, времето, местото и организаторите на културни настани во Охрид, кој се ажурира на дневна основа;

- подготвување програма за институционална и финансиска поддршка на културните установи и проекти од значење за Општина Охрид;

- подготвување програма за негување на фолклорот, обичаите, старите занаети и други културни вредности;
- подготвување програма за организирање културни манифестации;
- подготвување програма за поттикнување на разновидни специфични форми на творештво;
- подготвување програма за одбележување на настани и личности од значење за Општина Охрид со спомен обележја;
- подготвување на одлуката за подигање, чување, заштита и користење на спомен обележја и другите прописи од надлежност на Советот на Општина Охрид;
- водење на регистарот на спомен обележја и доставува извод од регистарот при секој упис или промена до надлежното министерство;
- иницирање и спроведување на постапката за основање локален музеј и библиотека;
- врши и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи

**(9.3) Одделението за локален економски развој** ги врши работите што се однесуваат на:

- планирање на локалниот економски развој на Општината;
- предлагање и утврдување на развојните и структурните приоритет на Општината
- подготвување програми и предлагање мерки за поддршка на малите и средните претпријатија, занаетчиството и претприемаштвото на локално ниво.
- воспоставување и развива мрежата на институции и агенции за промовирање на партнерството;
- врши и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**Член 15**

**(10) Секторот за меѓународна соработка и соработка со УНЕСКО** ги врши работите што се однесуваат на: иницирање, координација и реализација на соработката на Општина Охрид со збратимените градови, со странски и меѓународни донатори, организации и кредитори, со здруженијата на граѓани и фондации на подрачјето на Општина Охрид, предлагање мерки за поддршка на активностите на здруженијата на граѓани и фондации и врши други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**(10.1) Одделението за меѓународна соработка** ги врши работите што се однесуваат на:

- подготвување годишна и среднорочна програма за соработка со збратимените градови на Општина Охрид;
- во координација со другите сектори во рамки на општинската администрација реализирање на проектите од областа на соработката со збратимените градови на Општина Охрид;
- врз основа на предлозите и иницијативите од другите сектори во рамки на градската администрација, подесување предлог-проекти за поддршка од меѓународни и странски донатори и субјекти и организирање на учеството на општина Охрид на конкурси за проекти на домашни и странски субјекти во областите од надлежност на Општина Охрид;
- координирање на работата на проектните тимови за реализација на проектите кои се финансираат од странски и меѓународни донатори и организации и учествува во подготовката на извештаите, евалуациите и друга документација која се поднесува до странските/меѓународни донатори и организации;

- во координација со други сектори во рамки на општинската администрација, иницира, координира и учествува во реализацијата на проектите кои се финансираат со кредити/заеми од странски или меѓународни финансиски организации;
- врши и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**(10.2 )Одделение за соработка со УНЕСКО** ги врши работите што се однесуваат на:
- следење на активностите поврзани со УНЕСКО;
- соработување со националната комисија на УНЕСКО за Македонија;
- следење и координирање на активностите за заштита на културни добра во надлежност на Општина Охрид и соработување со институции во заштита и зачувување на културното и природното наследство, како и канцелариите на УНЕСКО;
- спроведување на правилниците и постапување по конвенциите за заштитени градови од страна на УНЕСКО;
- изработување проекти и следење на фондовите на УНЕСКО кои предвидуваат експертска, техничка помош и опрема;
- обезбедување информации на Општина Охрид за европските политики кои се во тек на дефинирање;
- предлагање мерки и активности за изградба на капацитетите на општинската администрација согласно со европското законодавство;
- учествување и организирање тркалезни маси и конференции кои се однесуваат на развојот на локалното законодавство;
- помагање во ефективно усвојување на европските структурни фондови преку лесен достап на информации за европските програми, проекти и иницијативи за заедништво;
- врши и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**Член 16**

**(11) Секторот за поддршка на градоначалникот** ги врши работите што се однесуваат на: организирање на работни и други средби на градоначалникот; координирање на мерки и активности со протоколи на домашни и странски делегации; одржување и развивање на соработка со збратимени и пријателски градови; организирање јавните настапи на градоначалникот во средствата за јавно информирање, конференции, трибини и сл; поготвување на јавни анкети, брошури и други документи по прашања од значење за општината и врши други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**(11.1) Одделението за протокол** ги врши работите што се однесуваат на:
- организирање и спроведување на церемонијалите на градоначалникот за време на официјални, свечени и работни посети на официјални лица на Општината;
- вршење координација на активностите со протоколи на државние институции при планирање и реализација на посета на официјални делегации на Општината;
- вршење координација на активностите со протоколи на странските држави при планирање и реализација на посета на официјални делегации на Општината;
- соработување со лица и служби кои вршат иста или слична дејност од државните институции, странските делегации и невладини организации при договорени активности;
- координирање на активностите при организирање на трибини, советувања и други јавни случувања од значење на Општината;

- координирање на соработката со меѓународни организации чија дејност е од посебна важност за Општината;
- одржување и обновување на контактите со збратимените и пријателски градови и поттикнува соработка и контакти со други градови;
- врши и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**(11.2) Одделението за односи со јавност** ги врши работите што се однесуваат на:
- организирање на прес-конференциите, брифинзите и интервјуата за медуимите со Градоначалникот и раководителите од администрацијата на Општината;
- подготвување на соопштенијата за јавноста;
- следење на доставувањето на информациите од одделните сектори во општинската администрација, Советот на Општината, јавните претпријатија и другите јавни установи и служби основани од општината и доставува барања за информации што треба да се пласираат до медиумите до раководителите на секторите во општинската администрација, Советот на Општината, јавните претпријатија и другите јавни установи и служби основани од општината;
- остварување редовна соработка и размена на информации со службите или вработените надлежни за односи со јавноста во јавните претпријатија и јавните установи основани од општината;
- давање писмени одговори на прашањата од новинарите поставени преку отворената линија за новинари;
- анализирање на односот на одделните медиуми кон покривањето на настаните и пласирањето на информациите за работата на општината и предлагање активности и мерки за унапредување на имиџот на општината;
- предлагање мерки и активности за унапредување на транспарентноста на работењето на општината, подготвување или координирање на подготвувањето на одговорите на прашањата на граѓаните доставени преку отворената телефонска линија за граѓаните;
- организирање и дефинирање на информациите за веб-страницата на Општината;
- организирање на спроведувањето на анкети и организирање на јавните трибини при изготвување одделни прописи и стратешки и развојни документи на Општината, како и анкетите за мерење на ставот на граѓаните за определени прашања и проблеми во Општината;
- континуирано следење на законските прописи и другите општи акти од областа на локалната самоуправа;
- врши и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**Член 17**

**(12) Секторот за инспекциски надзор - Инспекторат** е одговорен за обезбедување и вршење инспекциски надзор над работите од сите подрачја за кои е формиран. Неговите активности се тесно поврзани со функциите на Општина Охрид, во целосна согласност со Законот за локалната самоуправа, други закони, прописи и општи акти, со цел ефикасно раководење со Секторот. Главна цел на Секторот е обезбедување законитост и ефикасност во спроведувањето на инспекцискиот надзор, како и континуирано унапредување на професионалните капацитети на инспекторите и обезбедување транспарентност во работењето.

Секторот за инспекциски работи ги извршува следниве клучни задачи и обврски:

-Организација и координација**:** Ја координира и организира работата на Секторот.

-Примена на прописи: Обезбедува услови за ефикасна примена на законите и прописите што се однесуваат на инспекцискиот надзор.

-Професионален развој: Обезбедува услови за стручно усовршување и специјализирана обука на инспекторите.

-Подготовка на документи: Донесува програмски и извештајни документи, вклучително:

- Стратешки план на инспекциската служба.
- Годишен план за работа на инспекциската служба.
- Годишна програма за специјализирана обука на инспекторите.
- Шестмесечен извештај за работа на секој инспектор.
- Месечен план за работа на секој инспектор.
- Други документи и акти предвидени со Законот за инспекциски надзор (ЗИН) или друг закон.

-Транспарентност: Обезбедува јавност во работењето на инспекциската служба и ги извршува сите други работи од надлежност на инспекциската служба.

**(12.1) Одделението за инспекциски работи од областа на градежништвото, животната средина, патниот сообраќај и локалните патишта** ги врши работите што се одесуваат на:

- Врши редовен и вондреден инспекциски надзор во областа на градежништвото
- Врши надзор во областа на заштитата на животната средина, вклучително управување со отпад, заштита од бучава и загадување
- Контролира законитост на изградба на објекти, реконструкција и доградби
- Утврдува бесправна градба и презема мерки согласно закон
- Спречува и санкционира бесправна градба
- Донесува решенија за отстранување на неправилности и други управни акти
- Врши инспекциски надзор во областа на патниот сообраќај
- Контролира почитување на прописите за безбедност и регулирање на патниот сообраќај
- Врши контрола над користењето, одржувањето и заштита на локалните патишта
- Постапува по пријави, претставки и иницијативи од граѓани и институции
- Соработува со надлежни органи
- Обезбедува ефикасно, навремено и стручно вршење на инспекциски надзор

**(12.2)Одделението за инспекциски надзор од областа на домувањето, туризмот, просветната, даночната и комунална испекција и управување со комунални редари** ги врши работите од делоругот на инспекцискиот надзор од областа на домувањето, туризмот и угостителството, просветната, даночната и комуналната дејност, како и работи поврзани со одржување на јавниот ред преку комуналните редари, согласно закон и подзаконски акти.

- Одделението ги врши следните работи и задачи:
- Врши редовен, вондреден и контролен надзор над правни и физички лица
- Утврдува фактичка состојба на терен и презема мерки согласно закон

- Донесува решенија, издава записници, опомени и други акти во рамки на својата надлежност
- Врши надзор во областа на домувањето, односно управување и одржување на заеднички делови на станбени објекти
- Врши надзор над туристичката и угостителската дејност, со посебен осврт на исполнување на законските услови за работа
- Врши надзор над законитоста на вршењето на работите од областа на образованието од надлежност на општината
- Врши инспекциски надзор над утврдувањето и наплатата на даноците на имот, однсоно, врши проверка на состојбата и вредноста на недвижниот и подвижниот имот кој е предмет на оданочување.
- Врши комунален испекциски надзор над јавната чистота, користење на јавни површини и комунален ред
- Преку комуналните редари врши контрола на терен, утврдува прекршоци и изрекува мерки согласно закон
- Обезбедува ефикасно, навремено и стручно вршење на инспекциски надзор.

**Член 18**

**(13) Одделението за управување со човечки ресурси** ги врши работите што се однесуваат на:

- следење и спроведување на законите и подзаконските акти од областа на човечките ресурси;
- подготвување на актот за организација на општинската администација;
- подготвување на правилникот за систематизација на работните места;
- подготвување на годишната програмата за стручно оспособување и усовршување на службениците во општинската администрација;
- предлагање политики за управување со човечките ресурси во органот;
- подготвување на актите врзани со вработувањето во општинската администрација;
- водење на персоналните досиеја на вработените во општинската администрација;
- пополнување и доставување на ДС обрасците до Централниот регистар за државни службеници што го води Министерството за информатичко општество и администрација;
- учество во подготвувањето на годишната програма за обука на државните службеници и вработените во општинската администрација без статус на државни службеници;
- анализирање на потребите за обуки, предлагање на насоки за доусовршување на вработените;
- координирање на процесот на оценување на државните службеници;
- координирање и подготвување на планот за користењето на годишните одмори и изготвување на решенијата за годишни одмори;
- предлагање на мерки за обезбедување на оптимални услови за работа на вработените;
- врши и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**Член 19**

**(14) Одделението за јавни набавки** и врши следните работи: ги има следните надлежности: примената за законите, подзаконските акти и другите прописи од областа на јавните набавки, следењето и согледувањето на потребите од набавки во општината; изготвување на годишниот план за јавни набавки и водење сметка за неговото спроведување; утврдување на начинот на постапката во зависност од видот и вредноста на набавката согласно

Законот за јавните набавки; подготвување предлог за одобрување на потребните набавки; изготвување на техничката докумантација потребна за јавите набавки; следење на работата на комисијата за јавни набавки и давање стручна и техничка помош; изготвување договори за јавните набавки и следење на нивното спроведување; предлагање мерки и активности за спречување на јавни набавки надвор од годишниот план и средствата предвидени со Буџетот на општината; врши и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**Член 20**

**(15) Одделението за внатрешна ревизија** ги врши работите што се однесуваат на:

- вршење внатешна ревизија, согласно со закон и со системот и процедурите за внатрешна ревизија воспоставени од Општината согласно со меѓународните стандарди за професионално работење на внатрешната ревизија прифатени од Министерството за финансии;
- подготвување план за внатрешна ревизија и по одобрување од Градоначалникот, го обезбедува неговото спроведување и следење;
- доставување извештаи за извршена внатрешна ревизија до Градоначалникот и Советот на општината;
- подготвување квартални и годишни извештаи за работењето на внатрешната ревизија;
- вршење оценување на значајните фактори на ризик и давање совети на Градоначаникот за нивно намалување;
- врз основа на анализи од работењето, утврдување и оценување на економичноста, ефикасноста и ефективноста во работењето на системите за финансиско управување и контрола и дава препораки за подобрување на работењето на општинската администрација;
- следење и проверување на точноста и комплетноста на сметководствената евиденција и финансиските извештаи;
- утврдување и оценување на усогласеноста на работењето со законите, подзаконските акти и актите на општината;
- врши и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**Член 21**

**(16) Територијалната противпожарна единица на Општината** ги врши следните работи:

- гаснење на пожари на подрачјето на Општината;
- отстранување на непосредна опасност за настанување на пожар;
- спасување на животот на граѓаните и заштита на имотот загрозени од пожари и експлозии;
- укажување на техничка помош при незгоди и опасни ситуации;
- извршување на други работи при несреќи и непогоди;
- врши непрофитабилни услуги заради подобрување на техничката опременост и услови за работа, кои не го оневозможуваат или попречуваат вршењето на функцијата од претходните алинеи на овој став;
- заедно со територијалните противпожарни единици на општините во РМ утврдени со закон, дејствуваат како противпожарни единици на РМ заради оперативно делување при гаснење на големи пожари на целата територија на Република Македонија во координација со Дирекцијата за заштита и спасување ;
- давање помош кога тоа е побарано при гаснење на пожари во други држави во координација со Дирекцијата за заштита и спасување;

- водење посебна евиденција за настанатите пожари, експлозии, интервенции за гаснење и интервенции за други настани според единствената методологија и известување на Дирекцијата за заштита и спасување;

- периодично испитување и проверка на исправноста на противпожарната опрема со која располага Територијалната противпожарна единица согласно законот и подзаконските акти;

- тековна поправка и одржување на техниката и опремата;

- давање противпожарно обезбедување на објекти, делегации, јавни собири, спортски и други манифестации, во координација со Министерството за внатрешни работи;

- врши обука од областа на противпожарната заштита на припадници на АРМ;

-едукација на граѓаните за заштита од пожари преку организирање на предавања, преку медиуми и организирање на други активности;

- врши и други работи што ќе и бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

## III. РАКОВОДЕЊЕ

**Член 22**

Со општинската администрација раководи Градоначалникот.

**Член 23**

(1) Со сектор раководи раководител на сектор.

(2) Во случај на отсуство или спреченост на раководителот на сектор, со секторот раководи помошникот на раководителот на секторот.

(3) Со одделение раководи раководител на одделение.

(4) Во случај на отсуство или спреченост на раководителот на одделението, со одделението раководи стручен државен службеник со највисоко звање во одделението кој го определува раководителот на секторот.

**Член 24**

(1) Со Територијалната противпожарна единица на Општината раководи командир.

(2) Во случај на отсуство или спреченост на командирот, со Територијалната противпожарна единица на Општината раководи заменик командир на Територијалната противпожарна единица.

(3) Со одделение раководи командир на одделение.

**Член 25**

Вкупниот број на вработени и распоредот по звања и работните места го утврдува Градоначалникот со Правилникот за систематизација на работните места на Општинската администрација .

## IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 26**

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за организација, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Охрид бр. 08-10884/61 од 29.08.2024 година.

**Член 27**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Сл.гласник на општина Охрид”, а ќе се применува по добивањето на писмена согласност од Министерството за јавна администрација.

**Број 08-5185/22** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.04.2026 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕОНИТЕ ОД КОИ СЕ ЗАПИШУВААТ УЧЕНИЦИ ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА ВО ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за утврдување на реоните од кои се запишуваат ученици во Основните училишта во општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2026 година.

**Број 09- 5185/77** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.04.2026 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 63 од Законот за основно образование („Сл.весник на РСМ “ 161/19.229/20 и 3/25 ), член 36 од Законот за локална самоуправа(„Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14,10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на 28.04.2026 година ја донесе слендата:

**ОДЛУКА**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕОНИТЕ ОД КОИ СЕ ЗАПИШУВААТ УЧЕНИЦИ ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА ВО ОПШТИНА ОХРИД**

**Член 1**

Училишната мрежа на основното образование на подрачјето на Општина Охрид ја сочинуваат 8 општински основни училишта.

**Член 2**

1. ООУ „Св.Климент Охридски“ - Охрид ги опфаќа:

- Подрачното училиште во населбата „Далјан“ и
- Паралелките во ЈЗУ Специјална болница за ортопедија и трауматологија „Св.Еразмо“ – Охрид
-

Централното општинско основно училиште „Св.Климент Охридски“ го опфаќа реонот со следните улици:

1. „Булевар Македонски Просветители“ (од кружна крстосница со улица „Булевар Туристичка“ до градско пристаниште)
2. Гоце Делчев
3. Крум Точко
4. Махмуд Рифат
5. Бистрица (од крстосница со улица Гоце Делчев, до крстосница со улица Васил Стефоски)
6. Шар Планина (од крстосница со улица Гоце Делчев, до крстосница со улица Васил Стефоски)
7. Сатеска
8. Васил Стефоски
9. Мичо Гилиќ
10. Трајче Трајчески
11. Вардар
12. Андон Дуков
13. Абас Емин (делот од раскрсницата со улица „Гоце Делчев“ до раскрсницата со улица „Булевар Туристичка“)
14. Кирил и Методиј
15. Кузман Капидан
16. Браќа Миладиновци
17. Григор Прличев
18. Илинденска
19. Кочо Рацин
20. Боро Шаин
21. Христо Узунов
22. Климентов Универзитет
23. Методи Патчев
24. Цар Самоил
25. Коста Абраш
26. Нада Филева
27. Аргир Маринчев

28. Петар Чаулев
29. Бранко Шотра
30. 11 Октомври
31. Охридска Архиепископија
32. Димче Маленко
33. Св. Климент Охридски
34. Дел од улица „7 Ноември“ од крстосница на оваа улица со улица Гоце Делчев и Климент Охридски, до крстосница со улица Булевар Туристичка.
35. Подмоље

2. ООУ „Григор Прличев“ – Охрид го опфаќа централното училиште и Подрачно училиште во населбата Рача.

Централното училиште ООУ „Григор Прличев“ го опфаќа реонот со следните улици:

1. Кеј Македонија
2. Партизанска
3. Димитар Влахов
4. Кузман Јосифоски – Питу
5. Ванчо Николески
6. Серафим Китаноски
7. Страшо Пинџур
8. Војдан Чернодримски
9. Јане Сандански
10. Славеј Планина
11. Спас Банџов
12. Мите Богоески
13. Караорман
14. Даме Груев
15. Никола Карев
16. АСНОМ
17. Билјанини извори
18. Галичица
19. Ванчо Питошески
20. Битолска

21. Карпош Војвода
22. Сирма Војвода
23. 8 – ми Септември
24. Лазо Трпоски
25. Мирче Ацев
26. Јордан Мијалков до раскрсницата со „Сирма Војвода“
27. Булевар Туристичка (од раскрсницата со улица „Даме Груев“ на исток до крај).
28. Ул Св.Наум Охридски од бензиска пумпа до населба Св. Стефан.

3. ООУ „Братство Единство“ – Охрид ги опфаќа централниот објект - Крст Џамија на улица „7 – ми Ноември“ и објектот во Лескајца на улица „Стив Наумов“. Училиштето го опфаќа реонот со следните улици:

1. Абас Емин (од крстосница со улица Булевар Туристичка до крстосница со улица Железничка)
2. Беќир Али Риза
3. Охридска Бригада
4. 7 – ми Ноември – до раскрсница со ул „Егејска“
5. Марко Несторoски до броевите 116 односно 41
6. Анастасија Узунова
7. Егејска
8. Богомилска
9. Железничка ,(во кој не влегува десната страна од ул. „Железничка“ гледано према Струга,од пресекот на ул. „Железничка“ со ул. „Кленоец“ до пресекот на ул. „Железничка“ со ул.“Прилепска“ и левиот дел од улицата Железничка односно непарните броеви од 1 до 99 не се дел од овој реонски опфат).
10. Тетовска
11. Крали Марко
12. Јабланица
13. Дејан Војвода
14. 11 – ти Ноември
15. Булевар Туристичка (од крстосница со улица „Даме Груев“ до крај на запад)
16. Пирин Планина
17. Стив Наумов
18. Пере Тошев

19. Петар Поп Арсов
20. Ѓорѓи Ѓеоргиески
21. Илија Дуданоски
22. Ариф Мустафа
23. Аџи Мустафа
24. Бистрица од раскрсницата со улица Гоце Делчев на север до крај
25. Шар Планина од раскрсницата со улица Гоце Делчев на север до крај
26. Никола Петров Русински.
27. Дел од ул. „Македонски Просветители“-кај Пожарната-од пресекот на ул. „Булевар Македонски Просветители“ со ул. „Булевар Туристичка“ до пресек на ул.„Булевар Македонски Просветители“ со ул. „Абас Емин“.
28. Ул.8-ми Март

4. ООУ „Христо Узунов“ го опфаќа реонот со следните улици:

1. Марко Цепенков
2. I – ва Македонска ударна бригада
3. Дебрца
4. Александар Гушо
5. Први Мај
6. Питу Гули
7. Ванчо Николески
8. Трајче Дојчиноски
9. Момчило Јорданоски
10. Малесија
11. Јордан Пиперката
12. Димо Хаџи Димов
13. Армија на Македонија
14. Партизански одреди
15. Париска комуна
16. Ристо Чадо
17. Живко Чинго
18. Руме Наумоски
19. Андреја Јованоски

20. Марко Нестороски (од броевите 118 односно 43 нагоре)
21. Васил Главинов
22. Крсте Мисирков
23. Кузман Шапкарев
24. 7 – ми Ноември од раскрсницата со ул.„ Васил Главинов“ до пресекот со ул.„Питу Гули“
25. Населба „Христо Узунов“ чија јужна страна граничи со дел од улица „Даме Груев“ од кружната крстосница Болница до крстосницата помеѓу улица „Даме Груев“ и кракот на улица „Даме Груев“ што води во населба„Христо Узунов“ како и краците од улица „Даме Груев“ што се протегаат до раскрсниците на овие краци со улица„Богомилска“.

5. ООУ „Кочо Рацин“ – Охрид го опфаќа централното училиште во населба „Радојца Новичиќ“ и подрачното училиште во с.Долно Лакочереј.

Го опфаќа реонот со следните улици и населени

1. Кленоец
2. 15 -ти Корпус
3. Српница
4. Веле Марков
5. Будва
6. Винковачка
7. Прилепска
8. Радојца Новичиќ
9. Петрино
10. 6 – та бригада
11. 28 – ти април
12. Десниот дел од улица„Железничка“ гледано во насока према Струга од пресекот на оваа улица со улица „Кленоец“ до пресекот на улица„Железничка“со улица „Прилепска“ и левиот дел од улицата односно непарните броеви од 1 до 99.
13. Ул.130
14. Г.Лакочереј
15. Д.Лакочереј
16. с. Орман

6. ООУ „Св.Наум Охридски“ с.Пештани ги опфаќа подрачните паралелки во село Трпејца, Елшани и Долно Коњско,како и сите населени места после населба Св.Стефан до граничниот премин со Република Албанија кај Св.Наум.

7. ООУ „Живко Чинго“ с.Велгошти е централно училиште во с.Велгошти и го опфаќа целиот уличен систем од село Велгошти:

1.Илинденска
2.Вис
3.Манастирска
4.Воденичарска
5.Никола Карев
6.Луковска
7.Александар Турунџе
8.Мирка Гинова
9.Кракот од улица „Живко Чинго“ што води од „Отпад Охрид“ кон базата на „Трудбеник “ Охрид“, од лева и десна страна.

8. ООУ „Ванчо Николески“ с.Лескоец го опфаќа централното училиште во с.Лескоец и ПУ Косел, ПУКуратица и ПУЛивоишта,

Реонизацијата за ова училиште ги опфаќа: с.Лескоец,Косел.Куратица.Ливоишта, како и селата Плаќе,Свињишта,Илино,Опеница,Завој,Вапила,Сирула,Скребатно.

**Член 3**

Учениците од припадниците на заедниците кои следат настава на јазик различен од македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, се запишуваат во училиштето ООУ „Братство единство“ – Охрид, освен оние кои сами ќе изразат желба да одат во друго училиште.

**Член 4**

Реонизацијата ќе се применува од учебната 2026/2027 година за сите ученици при уписот во прво одделение.

**Член 5**

Со стапувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на реони од кои се запишуваат ученици во основните училишта во општина Охрид бр.08-4471/29 од 29.05.2020 година, донесена од Советот на Општина Охрид.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе биде објавена во „Сл.гласник на општина Охрид“

**Број 08-5185/23**
**28.04.2026 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИСПЛАТА НА СУБВЕНЦИИ НА ОПШТИНСКИ ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за исплата на субвенции на општински јавни претпријатија, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2026 година.

**Број 09- 5185/78**
**28.04.2026 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр.5/2002) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на Општина Охрид, на седница одржана на ден 28.04.2026 година, ја донесе следната:

## ОДЛУКА
### ЗА ИСПЛАТА НА СУБВЕНЦИИ НА ОПШТИНСКИ ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобрува исплата на субвенции на општинските јавни претпријатија основани од Општина Охрид, со цел обезбедување на непречено вршење на јавните услуги и реализација на програмите од јавен интерес.

**Член 2**

Субвенциите се доделуваат на следните јавни претпријатија:

ЈП Охридски Комуналец

ЈП Градски Гробишта Охрид

ЈП Водовод Охрид

ЈП Нискоградба Охрид

ЈП Градски Пазар Охрид

**Член 3**

Вкупниот износ на средства за субвенции изнесува **35.000.000,оо** денари, обезбедени од Буџетот на Општина Охрид за 2026 година.

**Член 4**

| **Јавно претпријатие** | **Износ (денари)** | **Програма / намена** | **Клучни активности** |
|---|---|---|---|
| ЈП Охридски Комуналец | 11.500.000,00 | Комунална хигиена и јавни површини | Справување со состојбата со Буково Диви депонии |
| ЈП Градски Гробишта | 6.000.000,00 | Управување со гробишта | Поставување на урбана опрема на гробишта и доуредување на просторот по |

| **Јавно претпријатие** | **Износ (денари)** | **Програма / намена** | **Клучни активности** |
|---|---|---|---|
| Охрид | | | Проектот за реконструкција на пристапните улици во рамките на Градските Гробишта – Охрид |
| ЈП Водовод Охрид | 7.000.000,00 | Водоснабдување и канализација | Санација на мрежа, намалување загуби на вода, одржување пумпи, обврски по основ потрошена електрична енергија од минати години |
| ЈП Нискоградба Охрид | 1.500.000,00 | Локална инфраструктура | -подобрување и одржување на атмосферска и фекална канализација<br>-интервентни активности за санација на оштетена инфраструктура |
| ЈП Градски Пазар Охрид | 9.000.000,00 | Пазарна инфраструктура | реконструкција и уредување на пазарниот простор<br>подобрување на санитарно-хигиенските услови<br>санација и реконструкција на пултови за продажба<br>поставување на нови тезги и урбана опрема, покривање на загуба од затворање на паркинг |

**Член 5**

Распределбата на средствата по поединечни јавни претпријатија се изврши согласно доставени поединечни барања од страна на јавните претпријатија а во рамките на донесената Програма за субвенционирање на јавни општински претпријатија.

**Член 6**

Во случај на измена и дополнување на Програмата за субвенционирање јавни претпријатија во тековната 2026 година, се задолжува Градоначалникот, да одлучува по доставените барања во одобрените финансиски рамки.

Се задолжува Градоначалникот за спроведување на член 6, став 1 од оваа Одлука, да формира Комисија за разгледувања на барања добиени од страна јавните претпријатија составена од 3(три) членови од редот на општинската администрација.

**Член 7**

Се задолжуваат јавните претпријатија, за наменското користење на добиените средства до Советот на Општина Охрид да достават извештај. Истиот да биде доставен најкасно до 15 Март наредната година а ќе се однесува за средства добиена во тековната 2026 година.

**Член 8**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Охрид.

**Број 08-5185/24**
**28.04.2026 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИСПЛАТА НА СУБВЕНЦИИ ЗА ОПШТИНСКИ ЛИНИСКИ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ОХРИД, КАКО И ПРЕВОЗОТ НА ПАТНИЦИ ШТО ЗАЕДНИЧКИ ГО ОРГАНИЗИРААТ ОПШТИНА ОХРИД И ОПШТИНА ДЕБРЦА**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за исплата на субвенции за општински линиски превоз на патници на подрачјето на општина Охрид, како и превозот на патници што заеднички го организираат Општина Охрид и Општина Дебрца, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2026 година.

**Број 09- 5185/79**
**28.04.2026 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр.5/2002) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на Општина Охрид, на седница одржана на ден 28.04.2026 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**ЗА ИСПЛАТА НА СУБВЕНЦИИ ЗА ОПШТИНСКИ ЛИНИСКИ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ОХРИД, КАКО И ПРЕВОЗОТ НА ПАТНИЦИ ШТО ЗАЕДНИЧКИ ГО ОРГАНИЗИРААТ ОПШТИНА ОХРИД И ОПШТИНА ДЕБРЦА**

**Член 1**

**Со оваа Одлука се одобрува исплата на субвенции** за општински линиски превоз на патници на подрачјето на општина Охрид, како и превозот на патници што заеднички го организираат Општина Охрид и Општина Дебрца, **со цел подобрување на животот и функционирањето на граѓаните од руралните средини.**

**Член 2**

| Линии кои ќе се субвенционираат | Број на дневни поаѓања |
|---|---|
| **Охрид-Ливоишта-Охрид** | **6** |
| **Охрид-Св.Наум-Охрид** | **8** |
| **Охрид-Свиништа-Куратица-Охрид** | **4** |

Линијата Охрид-Св.Наум-Охрид за месеците јуни, јули и август нема да биде субвенционирана.

**Член 3**

Вкупниот износ на средства за субвенции изнесува **3.500.000,оо** денари, обезбедени од Буџетот на Општина Охрид за 2026 година.

Распределбата на средствата, ќе се врши од страна на Комисија формирана од страна на Градоначалникот, во зависност од бројот на поаѓања, превозниците и поминатите километри.

**Член 4**

Се задолжува Градоначалникот за спроведување на член 3, став 1 и 2 од оваа Одлука, да формира Комисија за разгледувања на барања добиени од страна на превозниците, составена од 3(три) членови од редот на општинската администрација.

Се задолжуваат превозниците кои ги обавуваат субвенционираните линии, до општината да достават барање за исплата на образец изготвен од страна на општинската администрација.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Охрид.

**Број 08-5185/25**
**28.04.2026 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПШТИНСКИ ЛИНИСКИ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ ВО ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за измена и дополнување на одлуката за општински линиски превоз на патници во општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2026 година.

**Број 09- 5185/80**
**28.04.2026 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), а во врска со член 22 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Сл.Весник на РМ“ бр.68/04, 128/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 6/12, 23/13, 120/13, 163/13, 187/13, 42/14, 112/14, 166/14, 97/15, 124/15, 129/15, 193/15, 37/16, 71/16, 64/18, 140/18, 163/18, 275/19,67/22), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2026 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПШТИНСКИ ЛИНИСКИ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ ВО ОПШТИНА ОХРИД

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена и дополнување на Одлука за Општински линиски превоз на патници во Општина Охрид со број 09-7951/10 од 11.06.2015 година, Одлуката за изменување и дополнување на одлуката за општински линиски превоз на патници во општина Охрид, со број 08-12305/34 од 06.12.2021 година, Одлуката за изменување и дополнување на одлуката за општински линиски превоз на патници во општина Охрид, број 08-653/12 од 31.01.2022 година, Одлуката за дополнување на одлуката за изменување и дополнување на одлуката за општински линиски превоз на патници во општина Охрид, број 08-9420/7 од 12.07.2022 година, Одлука за изменување и дополнување на одлуката за општински линиски превоз на патници во општина Охрид, број 08-7820/77 од 28.05.2025 година, и тоа:

- Во член 25 – а целосно се брише табеларниот приказ и се додава нов табеларен приказ кој гласи:

| Релација | Максимална цена |
|---|---|
| Градска линија 1 | 50 денари |
| Градска линија 2 | 50 денари |
| Охрид – Г.Лакочереј | 60 денари |
| Охрид – Д.Лакочереј | 60 денари |
| Охрид – Лескоец | 50 денари |
| Охрид – Косел | 60 денари |
| Охрид – Опеница | 80 денари |
| Охрид – Прентов мост | 90 денари |
| Охрид – Свиништа | 110 денари |
| Охрид – Куратица | 110 денари |
| Охрид – Велгошти | 50 денари |
| Охрид – Вапила - Ливоишта | 70 денари |
| Охрид – Рача | 40 денари |
| Охрид – Св.Стефан | 50 денари |
| Охрид – Коњско | 50 денари |
| | |
| Охрид – Лагадин | 60 денари |
| Охрид – Пештани | 60 денари |
| Охрид – Градиште | 80 денари |
| Охрид – Трпејца | 100 денари |
| Охрид – Љубаништа – Св.Наум | 130 денари |
| Охрид – Елшани | 80 денари |
| Охрид – Орман | 60 денари |

**Член 2**

Останатите одредби од Одлуката за општински линиски превоз на патници во општина Охрид остануваат непроменети.

**Член 3**

Оваа одлука за измени и дополнувања влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-5185/25**
**28.04.2026 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА АВТО - ТАКСИ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ ВО ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за авто - такси превоз на патници во општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2026 година.

**Број 09- 5185/81** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.04.2026 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 54 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Сл.весник на РМ“ бр. 68/04; 127/06; 114/09; 83/10; 140/10; 17/11; 53/11; 6/12/; 23/13; 120/13; 163/13; 187/13; 42/14; 112/14; 166/14; 44/15; 97/15; 124/15; 129;15; 193/15; 37/16; 71/16; 64/18; 140/18; 163/18; 275/2019; 67/22), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2026 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**ЗА АВТО-ТАКСИ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ ВО ОПШТИНА ОХРИД**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на општина Охрид ги утврдува условите за вршење на авто-такси превоз на патници согласно член 54 став 1 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Сл.весник на РМ“ бр. 68/04; 127/06; 114/09; 83/10; 140/10; 17/11; 53/11; 6/12/; 23/13; 120/13; 163/13; 187/13; 42/14; 112/14; 166/14; 44/15; 97/15; 124/15; 129;15; 193/15; 37/16; 71/16; 64/18; 140/18; 163/18; 275/2019; 67/22 ), а во врска со:

-локација и капацитет на такси станиците;
-обележување и опремување на такси станици;
-бојата на возилата;
-тарифа за вршење авто такси превоз;
-начин на користење на такси постојки;
-унифицирани ознаки и опрема на такси возилото.

**Член 2**

**Локации и капацитет на такси постојките се следни:**

1. На ул.„Јане Сандански“ во продолжение на автобуската постојка кај „Мини- маркет“, со

капацитет од 10 паркинг места (надолжно паркирање).
2. На ул.„Јане Сандански“ кај маркет „Марлборо“ во продолжение на автобуската постојка од десната страна гледано во насока према кружниот тек, со капацитет од 5 паркинг места.
3. На ул.„Македонски Просветители“ во „џебот“ кај поштата, со капацитет од 15 паркинг места.
4. На ул.„Булевар Туристичка“ кај продавница на „Жито Леб“ од десната страна гледано во насока према „Билјанини Извори“, со капацитет од 5 паркинг места.
5. На ул.„Булевар Туристичка“ од десната страна пред пазарот од пешачкиот премин до продавница „А1“, со капацитет од 15 паркинг места.
6. На ул.„Булевар Туристичка“ после раскрсницата со ул.„Абас Емин“ од десна страна во правец на Струга, со капацитет од 5 паркинг места.
7. На ул.„Булевар Туристичка“ пред раскрсница со ул.„Абас Емин“ од десна страна во насока према Билјанини извори, со капацитет од 10 паркинг места.
8. На ул.„15 ти Корпус“ на паркингот пред Градски гробишта, со капацитет од 3 паркинг места.
9. На ул.„Кленоец“ пред автобуската станица од десна страна во правец на движење према ул.„Железничка“, со капацитет од 5 паркинг места.
10. На ул.„Кленоец“ пред автобуската станица од десната страна во правец на движење кон ул.„7 ми Ноември“, со капацитет од 5 паркинг места.

11. На ул.„7ми Ноември“ на паркингот пред ОУ „Братство Единство“, со капацитет од 2 паркинг места.
12. На ул.„Гоце Делчев“ во насока према Струга од лева страна, околу 20 метри после раскрсницата со ул.„Андон Дуков“ се формира такси постојка, со капацитет од 7 паркинг места.
13. На ул.„Гоце Делчев“ од левата страна гледано во правец спрема Струга кај Воска „Чинар“, со капацитет од 7 паркинг места.
14. На ул.„Гоце Делчев“ пред маркет „Шкор“ од десна страна во насока према центар Охрид, со капацитет од 5 паркинг места.
15. Пред болница „Св.Еразмо“ од десната страна во насока према Струга, со капацитет од 5 паркинг места.
16. На ул.„Кирил и Методиј“ пред „Горна порта“, со капацитет од 5 паркинг места.

17. На ул.„ Сирма Војвода“ на паркингот пред влезот во Општа Болница-Охрид, со капацитет од 10 паркинг места.
18. На паркингот-плажа „Горица 3“ се формира такси постојка, со капацитет од 5 паркинг места.
19. Х.„Славија“, со капацитет од 4 паркинг места.
20. Во с.Пештани од десна страна во насока на движење према Охрид на проширувањето се формира такси постојка, со капацитет од 5 паркинг места.

Горенаведените такси постојки, такси превозниците ќе можат да ги користат согласно режимот на сообраќај.

**Член 3**

Такси-станиците ќе бидат обележани со стандардна хоризонтална сигнализација во жолта боја со натписи „Такси“ и вертикална сигнализација.

**Член 4**

Такси-станиците можат да ги користат само возилата регистрирани за такси дејност (кои поседуваат лиценца односно извод од лиценца ).

Бројот на паркирани такси-возила на која било такси станица не може да биде поголем од утврдениот во член 2 од оваа Одлука.

**Член 5**

Бојата на возилата со кои ќе се врши авто-такси превоз треба да биде во **бела основа (RAL 9003)**, додека **предната хауба и задниот капак** да бидат во **сина боја (RAL 5012)** или во нијанси еквивалентни на наведените.

Возилата задолжително треба да бидат обележани во согласност со одредбите од **Законот за превоз во патниот сообраќај** и важечката подзаконска регулатива.

Сите такси возила мораат во внатрешноста на возилото, на **видливо место на ветробранското стакло**, да имаат истакнат **ценовник за такси услуги**, одобрен и заверен од надлежен орган. Ценовникот треба да содржи **сериски број на изводот од лиценцата за конкретното возило**, како и **име и презиме на возачот**.

**Член 6**

На покривот на авто-такси возилото мора да биде истакната светлечка табла со назив „TAXI

На задниот дел од такси возилото (задните врати и задните крила) дозволено е поставување на реклами.

Авто такси превозникот на возило со кое го врши превозот може да го истакне и повикувачкиот телефон за повик на возилото.

**Член 7**

Тарифата на авто-такси превозот ја предлага Градоначалникот во соработка со авто-такси превозниците, а ја донесува Советот на општина Охрид.

Цената на превозот се наплатува од корисникот врз основа на износот утврден согласно фискалниот апарат, според утврдената тарифа. Тарифата по која се наплатува авто- такси превозот ќе биде:

**1.Заштитна цена на превозот за старт изнесува 50 денари и за секој изминат километар на превоз цената изнесува 50 денари за секој ден во временски интервал од 05 часот наутро до 23 часот навечер, додека за секој ден во временски интервал од 23 часот навечер до 05 часот наутро заштитната цена на превозот за старт изнесува 100 денари и за секој изминат километар на превоз цената изнесува 50 денари.**

**2.Максималната цена на чекање изнесува 500,оо денари за изминат час.**

**3.Цената на лиценцата за авто-такси превоз изнесува 3.000, оо денари, а изводот од лиценца изнесува 5.000,оо денари.**

**4.Цената за издавање извод од лиценца изнесува 5.000,оо денари за времетраење од 5 год.Износот пропорционално се намалува во зависност од периодот за кој се однесува изводот и тоа:**

- **за важност од 4 години на изводот од лиценца за вршење авто такси превоз 4000, оо денари;**
- **за важност од 3 години на изводот од лиценца за вршење авто такси превоз 3000, оо денари;**
- **за важност од 2 години на изводот од лиценца за вршење авто такси превоз 2000, оо денари;**
- **за важност од 1 година на изводот од лиценца за вршење авто такси превоз 1000, оо денари;**

**Член 8**

За се што не е офатено со оваа одлука ќе се применуваат одредбите од Законот за превоз во патниот сообраќај и соодветната законска регулатива за правно регулирање на овој вид превоз .

**Член 9**

Со денот на влегувањето во сила на оваа Одлука, престанува да важи Одлуката за авто- такси превоз на патници во општина Охрид бр.07-4429/29 од 26.05.2014 година и измените и дополнувања кон истата бр. 07-785/21 од 29.10.2014 година; бр.08-4989/12 од 18.04.2022 година.

**Член 10**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-5185/27**
**28.04.2026 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗМЕНИ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ ЗА 2026 ГОДИНА**

**СЕ ОБЈАВУВА** Програмата за измени на Програмата за јавно осветлување за 2026 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2026 година.

**Број 09- 5185/82**
**28.04.2026 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2026 година, ја донесе следната:

**ПРОГРАМА**
**ЗА ИЗМЕНИ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ ЗА 2026 ГОДИНА**

- Во делот ЈЗ - Експлоатација на мрежи за јавно осветлување во точката – Трансфер на средства кон приватен партнер согласно склучен договор за управување и одржување со системот за јавно осветлување износот се менува од **65.000.000,оо** денари на износ од **58.500.000,оо** денари.

- Согласно предложените измени и дополнувања, се менува и вкупниот износ на **Програмата Јавно осветлување 2026 година** од **73.500.000,оо** денари на **67.000.000,оо** денари.

Врз основа на предложените измени се врши измена на табелата дадена во Програмата за Јавно осветлување за 2026 година и тоа :

**Вовед**

Јавното осветлување во град Охрид претставува клучен елемент за безбедност, функционалност и визуелен идентитет на урбаната средина.

Како туристички центар со голема посетеност Охрид има потреба од стабилен, ефикасен и современ систем на осветлување кој ќе овозможи сигурно движење на граѓаните и посетителите.

Водени од начелото за постојано подобрување и унапредување на јавното осветлување, преку мерки за енергетска фикасност и проширување и надградба на постоечката инсталирана мрежа, општината ја изготви оваа програма и согласно финансискиот капацитет ќе продолжи со континуирана модернизација.

Со програмата се дефинираат потребните средства за надомест на потрошена електрична енергија како и средствата потребни за изградба на нови улични системи на подрачјето на општина Охрид.

Системот за јавно осветлување, општина Охрид, согласно усвоена физибилити студија и спроведена постапка со користење на моделот јавно приватно партнерство го има доделено на јавен приватен партнер. Согласно склучениот догоор за ЈПП, сите трошоци кои ќе произлезат при одржување и санација на јавното осветлување, се обврска на приватниот партнер. Со договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство се овозможува зголемување на квалитетот и квантитетот на осветленост на целата територија на општината, заштеда на електрична енергија, зголемување на безбедноста и квалитетот на живеење на граѓаните, зголемување на ефикасноста и брзината на отстранување на дефекти во системот при известување од страна на граѓаните, добро и ефикасно одржување на системот на јавно осветлување, идентификување на губитокот на електрична енергија предизвикан од објективни и субјективни причини(нелегални приклучоци на лиините од уличното осветлување) Трендот на модернизација на постоечката мрежа за јавно осветлување ќе продолжи и во 2026 година.

**Цел**

Оваа програма има за цел да го подобри постојниот систем , да воведе енергетски ефикасни решенија и да обезбеди одржливо и квалитетно осветлување на јавните површини, како и :

- **Подобрување на безбедноста на граѓаните**

Обезбедување подобра видливост на улиците, јавните површини и пешачките патеки со цел зголемување на безбедноста во сообраќајот ;

- **Намалување на енергетската потрошувачка**

Примена на енергетски ефикасни светилки и модерни системи за управување со осветлувањето, со што се постигнува значителна економија на електрична енергија;

- **Заштита на животната средина**

Намалување на емисија на штетни гасови преку користење еколошки и енергетски ефикасни технологии, што придонесува за почиста и поздрава средина;

- **Унапредување на туристичката понуда**

Подобро осветлените туристички локации и улици го подобруваат визуелниот изглед на градот и создаваат попривлечно место за посетителите;

- **Создавање уреден и современ град**

Модернизација на системот за јавно осветлување со цел создавање урбан, функционален и естетски уреден град, во согласност со современите стандарди.

**Заклучок**

Спроведувањето на програмата за јавно осветлување ќе придонесе за побезбеден , поуреден и енергетски поефикасен град.

Со модерни системи и подобра покриеност на сите урбани и приградски зони, Охрид добива долгорочно решение кое го подобрува квалитетот на живот. Програмата за јавно осветлување на град Охрид претставува значаен чекор кон создавање поуреден, побезбеден и енергетски ефикасен урбан простор. Со нејзината реализација се обезбедува подобра видливост и поголема безбедност за граѓаните.

Осветлувањето на клучните туристички локации, дополнително го унапредуваат визуелниот идентитет на Охрид и придонесуваат за развој на туристичката понуда. Се создаваат услови за поквалитетно живеење, поголема атрактивност на градот и усогласување со современите стандарди за урбан развој.

Реализацијата на оваа програма ја потврдува определбата на Општина Охрид за одржлив развој и рационално управување со јавните ресурси, при што градот се движи кон визија на модерен, безбеден и еколошки одговорен центар кој ги задоволува потребите на своите жители и посетители.

Програмата е всушност континуитет на имплементацијата на програмата од претходната година, надополнета со нови активности произлезени од новосоздадените услови на терен и потребите на граѓаните.

**J3 Експлоатација на мрежи за јавно осветлување**

| **ОПИС** | **Предвидени средства** |
|---|---|
| Трансфер на средства кон приватен партнер согласно склучен договор за управување и одржување со системот за јавно осветлување | 58.500.000,оо |
| Изградба на нова мрежа за јавно осветлување | 8.000.000,оо |
| Оперативни трошоци за одржување и потрошена електрична енергија на светлосни тела кои не се вклучени во Договорот за јавно приватно партнерство | 500.000,оо |
| **ВКУПНО** | **67.000.000,оо** |

Согласно договорот со Приватен партнер, изградбата и тековното одржување на јавното осветлување на Општина Охрид го врши Приватниот партнер, по добивање на налог за работа од страна на Општина Охрид.

Надзор во редовното одржување на инсталациите, проверка на пристигнатите фактури за наплата на извршените работи, како и динамика на наменското користење на средствата ќе врши Секторот за комунални дејности, сообраќај и улици.

Реализацијата на Програмата ја врши Градоначалникот на Општина Охрид преку Секторот за комунални дејности, сообраќај и улици.

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-5185/28** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.04.2026 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ОХРИД ВО ОБЛАСТА НА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА 2026 ГОДИНА (Н1)

**СЕ ОБЈАВУВА** Програмата за дополнување на годишната програма за активностите на општина Охрид во областа на основното образование за 2026 година (Н1), што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2026 година.

**Број 09- 5185/83** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.04.2026 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата оддржана на ден 28.04.2026 година, ја донесе следната:

## ПРОГРАМА
### ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ОХРИД ВО ОБЛАСТА НА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА 2026 ГОДИНА (Н1)

**Член 1**

Со оваа Програма се вршат дополнувања на Годишната програма за активностите на општина Охрид во областа на основното образование за 2026 година (Н1) број 08-17532/14 од 26.12.2025 година.

Со дополнувањето се зголемува износот на средства за финансирање на активностите од областа на основното образование, кои се дел од Програмата Н1, за вкупно **2.828.397,00 ден.**, сметка 785- средства од донации.

**Член 2**

Оваа Програма стапува на сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-5185/29** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.04.2026 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Перчо Божиноски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРОШИРУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2026 ГОДИНА**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за проширување на средствата во Буџетот на општина Охрид за 2026 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2026 година.

**Број 09- 5185/84** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.04.2026 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02, „Сл весник на РСМ“бр.202/24), член 29 став 1 од Законот за финансирање на ЕЛС („Сл. весник на РМ“ бр.61/04, 93/04, 67/2007, 156/2009, 47/2011, 192/2015, 209/2018, 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24 и 37/25) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седница одржана на ден 28.04.2026 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**ЗА ПРОШИРУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2026 ГОДИНА**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши проширување на средствата во Буџетот на Општина Охрид за 2026 година на следниот начин:

| **Програма Потставка** | **Буџет** | **Самофин.** | **Донации** | **Дотации** | **Кредити** |
|---|---|---|---|---|---|

**Се зголемуваат приходите на следните потставки:**

**А10 СОВЕТ НА ОПШТИНА**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 742114 Приходи од европски држави | 0 | 0 | 2.828.397,00 | 0 | 0 |

-------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Се распределуваат на следните расходни поставки:**

**N 10 ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 425750 Услуги за вонучилишни образовни активности | 0 | 0 | 2.828.397,00 | 0 | 0 |

---

**Член 2**

Предлог-дополнувањата во наведената програма стануваат составен дел на Буџетот на општина Охрид за 2026 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на Општина Охрид“.

**Број 08-5185/30**
**28.04.2026 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА КАПИТАЛНИ ИНВЕСТИЦИИ НА ОПШТИНА ОХРИД ВО ОБЛАСТА НА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ 2026 - 2028 ГОДИНА**

**СЕ ОБЈАВУВА** Програмата за изменување и дополнување на Развојната програма за капитални инвестиции на општина Охрид во областа на основното образование 2026 - 2028 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2026 година.

**Број 09- 5185/85**
**28.04.2026 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2026 година, ја донесе следната:

# ПРОГРАМА
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЗА КАПИТАЛНИТЕ ИНВЕСТИЦИИ НА ОПШТИНА ОХРИД ВО ОБЛАСТА НА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ 2026-2028 ГОДИНА

### ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ

Активностите на Општина Охрид кои се предвидени во Предлог Развојната програма за капитални инвестиции на општина Охрид во областа на основното образование 2026 – 2028 година (НА Програма) ќе бидат насочени кон реализација на капитални инвестиции во основните училишта на територијата на општина Охрид. Современите технолошки достигнувања налагаат воведување нови напредни техники за одвивање на наставата, за што битен предуслов е создавање на соодветни просторни услови за реализација на истите. Создавањето на услови за подобар образовен систем претставуваат предизвик на Општина Охрид.

Исполнувањето на активностите предвидени во оваа програма треба да овозможи современи услови за одвивање на наставата, пријатни услови за учениците и наставниците кои поголемиот дел од денот го поминуваат во образовните институции. Предлог Програмата е изработена во транспарентна и инклузивна постапка со вклучување на сите релевантни чинители и разгледување на сите предлози и идеи кои пристигнаа во рамки на Секторот за јавни дејности.

Предлог Развојната програма за капитални инвестиции на Општина Охрид во областа на основното образование 2026 – 2028 година (НА Програма) на Секторот за јавни дејности поставена на овој начин за тригодишен период ќе овозможи услови за полесно работење а ќе создаде и можности за бројни апликации пред меѓународни и домашни донатори. Активностите предвидени во оваа програма ќе се финансираат од МОН, од блок дотација, од Буџетот на општина Охрид, од сопствени приходи на училиштата и од донации.

**Важна напомена:** Ова програма е родово сензитивна. Активностите предвидени во неа овозможуваат комплетни и еднакви права, одговорности и можности и за мажите и за жените.

**За 2026 година во буџетот на општина Охрид за оваа програма се предвидени вкупно 42.292.002,00 денари од кои: 40.370.002,00 денари се општински средства и 1.922.000,00 денари се сопствени приходи на училиштата.**

Во рамки на средствата обезбедени со Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка долгорочно домашно задолжување на Општина Охрид, ќе се оствари преку потпишување на Договор за под-заем и грант со Министерството за финансии, каде: Проценета вредност на инвестицијата е 82.688.402,00 денари; Износ на задолжувањето - 36.900.000,00 денари; Износ на очекуван грант - 9.225.000,00 денари; Износ на сопствени средства - 36.563.402,00 денари.

Во програма НА се предвидени следните капитални инвестиции и активности:

| | **ОПИС** | **РОК** | **ОБРАЗОВНА ИНСТИТУЦИЈА ВО КОЈА Е ПРЕДВИДЕНА АКТИВНОСТА** | **ИЗВОР НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА** | **УТВРДЕНИ СРЕДСТВА ПО ГОДИНИ** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | *2026* | *2027* | *2028* |
| 1 | **Изградба на ново основно училиште** ( предвидено е новото училиште да биде лоцирано на просторот од старата зграда на Основното училиште Григор Прличев за што е почната постапка за донесување на урбанистичко планска документација и проектирање) | 2026-2028 | ООУ „ Григор Прличев„ Охрид | МОН | 0 | 55.500.000,00 | 55.500.000,00 |
| 2. | Набавка на машини за чистење на подови | 2026 | ООУ „Ванчо Николески“ Лескоец | Буџет на општина Охрид | 320.000,00 | 0 | 0 |
| 3 | Оградување на спортска сала со метална конструкција | 2026 | ООУ „Ванчо Николески“ Лескоец | Буџет на општина Охрид | 148.000,00 | 0 | 0 |
| 4 | Набавка на 5 смарт табли (комплет со вклучена монтажа) | 2026-2028 | ООУ „Ванчо Николески“ с.Лескоец - Охрид | Буџет на Општина Охрид | 0 | 350.000,00 | 0 |
| 5 | Санација на оштетување на спортска сала во ПУ Косел | 2026 | ООУ „Ванчо Николески“ Лескоец – ПУ Косел | Буџет на општина Охрид | 60.000,00 | 0 | 0 |
| 6 | Реконструкција и бетонирање на училница во ПУ | 2026 | ООУ „Ванчо Николески“ Лескоец – ПУ | Буџет на општина Охрид | 170.000,00 | 0 | 0 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Косел | | Косел | | | | |
| 7 | Изградба на спортска сала | 2026-2028 | ООУ„Кочо Рацин“ | Буџет на Општина Охрид | 0 | 22.000.000,00 | 20.000.000,00 |
| 8 | Изработка на основен проект, стручна ревизија и елаборати за изградба на спортска сала | 2026-2028 | ООУ„Кочо Рацин“ | Буџет на Општина Охрид | 2.000.000,00 | 0 | 0 |
| 9 | Изработка на основен проект, стручна ревизија и елаборати за изградба на училишен базен | 2026-2028 | ООУ„Кочо Рацин“ | Буџет на Општина Охрид | 0 | 2.000.000,00 | 0 |
| 10 | Изработка и монтажа на алуминиумски ролетни | 2026 | ООУ„Кочо Рацин“ | Буџет на општина Охрид | 650.000,00 | 0 | 0 |
| 11 | Набавка на машини за чистење на подови | 2026 | ООУ„Кочо Рацин“Охрид | Буџет на општина Охрид | 320.000,00 | 0 | 0 |
| 12 | Поставување на фотоволтаици | 2026-2028 | ООУ„Кочо Рацин“Охрид | МОН | 0 | 0 | 0 |
| 13 | Реализација на активности во рамки на проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор (ПСЕЕП) | 2026-2028 | ООУ„Христо Узунов“ ООУ„ Св. Климент Охридски„ ООУ „Братство и единство„ Лескајца | Буџет на општина Охрид<br><br>Министерство за финансии-Светска банка | 3.063.402,00 | 26.000.000,00 | 0 |
| 14 | Целосна реконструкција на училиштето | 2026-2028 | ООУ„Св.Наум Охридски“-ПУ Трпејца | Буџет на општина Охрид | 0 | 5.000.000,00 | 0 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 15 | Набавка на клупи и столчиња | 2026 | ООУ„Григор Прличев“-Охрид | Буџет на општина Охрид | 635.000,00 | 0 | 0 |
| 16 | Варосување на училишните простории во новата зграда | 2026 | ООУ„Григор Прличев“-Охрид | Буџет на општина Охрид | 300.000,00 | 0 | 0 |
| 17 | Реконструкција на тоалети во новата зграда | 2026 | ООУ„Григор Прличев“-Охрид | Буџет на општина Охрид | 1.200.000,00 | 0 | 0 |
| 18 | Набавка на смарт табли | 2026 | ООУ„Григор Прличев“-Охрид | Буџет на општина Охрид | 600.000,00 | 0 | 0 |
| 19 | Набавка, транспорт и монтажа на полутпол винил под за училниците во новата зграда | 2026-2028 | ООУ„Григор Прличев“-Охрид | Буџет на општина Охрид | 0 | 2.300.000,00 | 0 |
| 20 | Реконструкција на подови,електрична инсталација и изведување на дренажа-стара зграда | 2026-2028 | ООУ„Григор Прличев“-Охрид | Буџет на општина Охрид | 4.185.000,00 | 3.000.000,00 | 0 |
| 21 | Реконструкција на покрив од објект котлара | 2026 | ООУ„Григор Прличев“-Охрид | Буџет на општина Охрид | 220.000,00 | 0 | 0 |
| 22 | Замена на водоводна линија за новата постоечка училишна зграда | 2026-2028 | ООУ„Григор Прличев“-Охрид | Буџет на Општина Охрид | 2.000.000,00 | 0 | 0 |
| 23 | Партерно уредување на двор-реконструкција и санација на двор | 2026-2028 | ООУ „Св.Климент Охридски“ – централно | Буџет на општина Охрид | 4.000.000,00 | 0 | 0 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 24 | Набавка на училишен инвентар во ходник | 2026-2028 | ООУ„Св. Климент Охридски“ Охрид | Буџет на општина Охрид | 0 | 180.000,00 | 0 |
| 25 | Набавка на училишен инвентар (клупи и столчиња за училници | 2026-2028 | ООУ„Св. Климент Охридски“ Охрид | Буџет на општина Охрид | 0 | 1.500.000,00 | 0 |
| 26 | Набавка и монтирање на ролетни-желозини во училници за одделенска настава | 2026 | ООУ„Св. Климент Охридски“ Охрид | Буџет на општина Охрид | 160.000,00 | 0 | 0 |
| 27 | Промена на плочки на горен спрат од училиштето-ходник и мал дел од ходник од спортска сала | 2026 | ООУ„Христо Узунов„ Охрид | Буџет на општина Охрид | 1.610.000,00 | 0 | 0 |
| 28 | Набавка на интерактивни табли | 2026 | ООУ„Христо Узунов„ Охрид | Буџет на општина Охрид | 469.000,00 | 0 | 0 |
| 29 | Реконструкција на постоечка училница по информатика | 2026 | ООУ„Христо Узунов„ Охрид | Буџет на општина Охрид | 150.000,00 | 0 | 0 |
| 30 | Набавка и монтирање на внатрешни врати за училници | 2026 | ООУ„Христо Узунов„ Охрид | Буџет на општина Охрид | 1.040.000,00 | 0 | 0 |
| 31 | Реконструкција на потпорни ѕидови | 2026 | ООУ„Христо Узунов„ Охрид | Буџет на општина Охрид | 986.000,00 | 0 | 0 |
| 32 | Реконструкција на училници (постапката е започната во 2025 година) | 2026 | ООУ „Христо Узунов“ | Буџет на општина Охрид | 240.000,00 | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 33 | Замена и монтажа на парни котли | 2026 | ООУ„Христо Узунов„ Охрид | Буџет на општина Охрид | 1.300.000,00 | 0 | 0 |
| 34 | Реконструкција на фасада и олуци | 2026 | ООМУ „Методи Патче“ Охрид | Буџет на општина Охрид | 4.900.000,00 | 0 | 0 |
| 35 | Набавка на опрема и машини | Континуирано | Основни училишта | Сопствени средства | 1.401.000,00 | 0 | 0 |
| 36 | Набавка на книги | Континуирано | Основни училишта | Сопствени средства | 6.000,00 | 0 | 0 |
| 37 | Набавка на мебел | Континуирано | Основни училишта | Сопствени средства | 250.000,00 | 0 | 0 |
| 38 | Реконструкција на објекти | Континуирано | Основни училишта | Сопствени средства | 200.000,00 | 0 | 0 |
| 39 | Надзор при изградба и реконструкција на објекти | 2026 | Основни училишта | Сопствени средства | 50.000,00 | 0 | 0 |
| 40 | Изработка на проекти и елаборат | 2026 | Основни училишта | Сопствени средства | 15.000.00 | 0 | 0 |
| 41 | Изработка на проекти и елаборати при изградба и реконструкција на објекти од А и Б категорија | Континуирано | Основни училишта | Буџет на општина Охрид | 1.000.000,00 | 0 | 0 |
| 42 | Надзор при изградба и реконструкција на објекти од А и Б категорија | Континуирано | Основни училишта | Буџет на општина Охрид | 1.300.000,00 | 0 | 0 |
| 43 | Варосување на училишните простории | 2026 | ООУ „Живко Чинго “ с.Велгошти | Буџет на општина Охрид | 922.000,00 | 0 | 0 |
| 44 | Рампа за лица со инвалидитет | 2026 | ООУ „Живко Чинго “ с.Велгошти | Буџет на општина Охрид | 231.000,00 | 0 | 0 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 45 | Набавка на смарт телевизори | 2026 | ООУ „Братство единство“ | Буџет на општина Охрид | 360.000,00 | 0 | 0 |
| 46 | Набавка на училишен инвентар | 2026-2028 | ООУ „Братство единство“ – централна зграда и зграда Лескајца | Буџет на општина Охрид | 0 | 1.071.850,00 | 0 |
| 47 | Набавка на плакари за ученици | 2026 | ООУ „Братство единство“ | Буџет на општина Охрид | 805.000,00 | 0 | 0 |
| 48 | Уредување на под на сите простории на Приземје и | 2026 | ООУ „Братство единство“ - објект Барака во Централна Зграда | Буџет на општина Охрид | 630.000,00 | 0 | 0 |
| 49 | Молерисување и глетување на училници | 2026-2028 | ООУ „Братство единство“ – објект Лескајца | Буџет на општина Охрид | 0 | 2.070.000,00 | 0 |
| 50 | Молерисување и глетување на училници | 2026 | ООУ „Братство единство“ – објект Централна | Буџет на општина Охрид | 2.340.000,00 | 0 | 0 |
| 51 | Санација на паркет во спортска сала | 2026-2028 | ООУ „Св.Наум Охридски“ с.Пештани | Буџет на општина Охрид | 0 | 1.700.000,00 | 0 |
| 52 | Дислокација на систем за парно греење | 2026 | ООУ „Св.Наум Охридски“ с.Пештани | Буџет на општина Охрид | 1.000.000,00 | 0 | 0 |
| 53 | Реконструкција на санитарни јазли | 2026-2028 | ООУ „Св.Наум Охридски“ с.Пештани | Буџет на општина Охрид | 0 | 2.680.000,00 | 0 |
| 54 | Набавка на смарт табли | 2026 | ООУ „Св.Наум Охридски“ с.Пештани (централно) и ПУ Елшани | Буџет на општина Охрид | 145.600,00 | 0 | 0 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 55 | Набавка на инвертер клима уреди | 2026 | ООУ „Св.Наум Охридски“ с.Пештани – ПУ Елшани | Буџет на општина Охрид | 90.000,00 | 0 | 0 |
| 56 | Реконструкција и санација на објекти | 2026 | Сите основни училишта | Буџет на општина Охрид | 410.000,00 | 0 | 0 |
| 57 | Набавка на опрема | 2026 | Сите основни училишта | Буџет на општина Охрид | 410.000,00 | | |
| | **Вкупно НА**: | | | | **42.292.002,00** | **125.351.850,00** | **75.500.000,00** |

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-5185/31**
**28.04.2026 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРЕНАМЕНА НА СРЕДСТВА ВО РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА КАПИТАЛНИТЕ ИНВЕСТИЦИИ НА ОПШТИНА ОХРИД ВО ОБЛАСТА НА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА 2026-2028 ГОДИНА (НА)**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за пренамена на средства во Развојната програма за капиталните инвестиции на општина Охрид во областа на основното образование за 2026-2028 година (НА), што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2026 година.

**Број 09- 5185/86** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.04.2026 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата оддржана на ден 28.04.2026 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**ЗА ПРЕНАМЕНА НА СРЕДСТВА ВО РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЗА КАПИТАЛНИТЕ ИНВЕСТИЦИИ НА ОПШТИНА ОХРИД ВО ОБЛАСТА НА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ 2026-2028 ГОДИНА (НА)**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши пренамена на средства во Развојната програма за капиталните инвестиции на општина Охрид во областа на основното образование за 2026-2028 година (НА) број 08-17532/15 од 26.12.2025 год.

Со пренамената е опфатено следното:

- Во точка 13 од програмата (НА) „Реализација на активности во рамки на проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор (ПСЕЕП)“ во која се опфатени ООУ „Св.Климент Охридски“, ООУ „Христо Узунов“ и ООУ „Братство единство“Лескајца - предвидениот износ од 10.563.402,00 денари се намалува за 7.500.000,00 денари, при што во горespомената точка 13 остануваат 3.063.402,00 денари - **конто 482930 -** реконструкција на други објекти.

Средствата во износ од 7.500.000,00 денари се пренаменуваат во програм Л0-спорт и рекреација, **конто 463120** – трансфери до спортски клубови.

**Член 2**

Оваа Одлука стапува на сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-5185/32** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.04.2026 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ОХРИД ВО ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА ЗА 2026 ГОДИНА**

**СЕ ОБЈАВУВА** Програмата за изменување на Програмата за активностите на општина Охрид во областа на културата за 2026 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2026 година.

**Број 09- 5185/87** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.04.2026 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2026 година, ја донесе следната:

**ПРОГРАМА**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ОХРИД ВО ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА ЗА 2026 ГОДИНА**

Со Програмата за култура на Општина Охрид за 2026 година (бр. 08-17532/11 од 26.12.2025 година) се утврдени намените и износите на финансиските средства за реализација на програмските активности.

Врз основа на анализата на реализацијата на Програмата, утврдено е дека средствата предвидени за одделни активности не е потребно да се реализираат во утврдениот обем и период поради што се создадени услови за нивно намалување, односно укинување.

Измена се врши во следните активности:

1.Средствата предвидени за Набавка на услуги за организација на настани, евидентирани на конто 464 990 – други трансфери, во износ од 200.000,00 денари, се пренаменуваат во Програмата за спорт – Л0.

2.Средствата предвидени за активноста „Академија за креативно пишување, јавно изразување и правилна употреба на македонскиот јазик“ се намалуваат за износ од 100.000,00 денари и истите се прераспределуваат во Програмата за спорт- ЛО.

Имајќи ја предвид потребата од обезбедување дополнителни средства за финансирање на активности од областа на спортот, како дејност од јавен интерес, се пристапи кон пренамена на дел од средствата од Програмата за култура во Програмата за спорт.

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-5185/33**
**28.04.2026 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРЕНАМЕНА НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ВО ПРОГРАМАТА ЗА КУЛТУРА ЗА 2026 ГОДИНА

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за пренамена на финансиски средства во програмата за култура за 2026 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2026 година.

**Број 09- 5185/88**
**28.04.2026 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата оддржана на ден 28.04.2026 година, ја донесе следната:

## ОДЛУКА
### ЗА ПРЕНАМЕНА НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ВО ПРОГРАМАТА ЗА КУЛТУРА ЗА 2026 ГОДИНА

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши пренамена на финансиски средства утврдени во Програмата за култура на Општина Охрид за 2026 година.

**Член 2**

Средствата предвидени за Набавка на услуги за организација на настани, евидентирани на конто 464 990 – други трансфери, во износ од 200.000,00 денари, пренаменуваат во Програмата за спорт и рекреација-ЛО.

**Член 3**

Средствата предвидени за активноста „Академија за креативно пишување, јавно изразување и правилна употреба на македонскиот јазик“ се намалуваат за износ од 100.000,00 денари и истите се пренаменуваат во Програмата за спорт и рекреација-Л0.

**Член 4**

Оваа Одлука стапува на сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-5185/34**
**28.04.2026 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА ЗА 2026 ГОДИНА**

**СЕ ОБЈАВУВА** Програмата за изменување на програмата за спорт и рекреација за 2026 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2026 година.

**Број 09- 5185/89**
**28.04.2026 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2026 година, ја донесе следната:

# ПРОГРАМА
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА ЗА 2026 ГОДИНА

Програмата за активностите во областа на спортот и рекреацијата во Општина Охрид за 2026 година е направена врз основа на одредбите од Законот за локална самоуправа,Законот за спорт и други подзаконски акти.

*Јавниот интерес на спортот е:*

- Поттикнување на спортските активности на децата и младите во рамките на федерациите;
- Организирање и спроведување на спортски тренинзи и натпревари;
- Поттикнување на реализирањето на програмите на спортските федерации;
- Поттикнување и помагање на организирањето на спортски приредби и манифестации;
- Одржување,функционирање на постојните и планирање и изградба на објекти за спорт од јавен интерес на граѓаните на Општина Охрид и пошироко;
- Развој на масовниот спорт и рекреативните активности на граѓаните опфатени во програмите на спортските и спортско рекреативните клубови,училишен спорт,спорт за сите и особено спортско рекреативни активности на лица со посебни потреби;
- Организирање на спортски приредби и манифестации,поддржување на систем на натпревари на општинско ниво,регионално ниво,републичко ниво, поддржување на традиционални спортски манифестации од национален и меѓународен карактер, поддржување на училишниот и студентскиот спорт,манифестации и форми на натпревари за лица со посебни потреби како и масовните спортско-рекреативни активности на граѓаните,
- Класифицирање на спортските објекти,организирано користење на истите,опремување на рекреативни зони за масовно спортување;
- Поддршка и унапредување на спортот,спортските клубови регистрирани на подрачјето на Општина Охрид,
- Поддршка на општинските спортски сојузи како највисока форма на организирање на спортските клубови на подрачјето на Општината Охрид .
- Програмите се финансираат од буџетот на Општина Охрид,донации,спонзорства а за исполнување на програмите и утврдените рокови поднесуваат извештај до Општина Охрид .

*ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА*

Главни цели на програмата ЛО Спорт и рекреација е афирмирање на Општина Охрид како општина која создава услови за развој и поддршка на програмите за спорт,спортско-рекреативни активности,омасовување на спортот како и развој на спортскиот туризам.

Општината Охрид преку својата организациона поставеност во областа на спортот ќе придонесе за зголемен опфат на младите во спортот. Општината постојано ќе се грижи за позитивно насочување на своите граѓани. Реализацијата на програмите од областа на спортот и рекреацијата сигурно дека ќе придонесе за подигнувањето на квалитетот на живеење на граѓаните од сите социјални структури како и подршка на програмите за спорт и рекреација на лицата со посебни потреби.

Преку организираните системи на натпревари и други спортски манифестации ќе се создадат услови за настапи во општината во земјата и странство.

Општината Охрид преку поддршка на спортските настани секогаш ќе придонесува за

популаризација на спортот и достојно репрезентирање на можностите и потенцијалите на општината.

Општина Охрид во континуитет се грижи за создавање подобрување на условите за работа на постоечките спортски терени и изградба на нови.

*МЕТОДОЛОГИЈА*

Спортските натпревари и манифестации ги организираат и реализираат спортските клубови и националните спортски федерации.Спортски манифестации организираат и други правни и физички лица што вршат дејност спорт, под услови утврдени со Законот за спорт .
Програмата ЛО Спорт ирекреација се состои од активности за :

- Поддршка и развој на предучилишен и училишен спорт, реализирање спортски активности и систем на натпревари на учениците.
- Поддршка и унапредување на спортот,спортските клубови од Општина Охрид.
- Поддршка на рекреативни активности на граѓаните и рекреативни активности на лица со посебни потреби.
- Поддршка на традиционални манифестации и манифестации од особен интерес за Општина Охрид.
- Поддршка на програми и проекти на останати спопртски организации од интерес на Општина Охрид.
- Подршка на спортисти во индивидуалните спортови кои имаат високи достигнувања на државно и мегународно ниво.
- Подршка на тренери за нивна доедукација од спортските клубови кои се од општина Охрид
- Создавање на услови за работа,подобра спортска инфраструктура.

Вреднувањето на програмите ќе се одредува врз основа на :

- Остварени спортски резултати во зависност од рангот на натпревари на клубот,поединци на клубови со остварен висок пласман .
- Број на учесници во активностите или манифестации (увид од програмите или проектите)
- Манифестацијата да е во календарот на соодветната спортска асоцијација(федерација) со утврден статус и категорија на натпреварот

*СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ*

- ***Традиционални манифестации***

- Општината Охрид ќе партиципира во традиционалните спортски настани и манифестации од локален,регионален, национален и меѓународен карактер со цел зачувување на континуитетот на манифестациите за кои има интерес од граѓаните, а се е во интерес на развојот на спортот во општината како и нивниот придонес во развојот на спортскиот турзизам.

- ***Манифестации од особен интерес***

Општина Охрид преку поддршка на вакви спортски настани ќе придонесе за популаризација на спортот и достојно репрезентирање и промоција на можностите и потенцијалите на општината како и значајно ќе допринесе во развојот на спортскиот туризам.

- ***Хуманитарни акции***

Општина Охрид во координација со надлежните институции,Црвен крст-Охрид и други невладини организации ќе се вклучи и ќе даде подршка на хуманитарни акции со субјекти од

областа спорт .

- ***Крводарителски акции***

Спортистите доброволно донираат крв на крводарителски акции

- ***Стоп на пороците***

Општина Охрид како организатор или коорганизатор ќе организира едукативни трибини за информираност и подигнување на свеста кај младите.

***Спорт за сите***

Општина Охрид ќе поддржува програми и проекти за масовен ,рекреативен спорт на граѓаните од општината бидејќи рекреативниот спорт треба да му овозможи на секој граѓанин согласно неговите потреби можности за активно вклучување во спортскиот живот во општината.

Активностите во областа на спортот Општина Охрид ќе ги насочи кон поттикнување,подржување и помагање за остварувањето на целите на оваа Програма за 2026 година,со средства предвидени во висина од 87.790.000 денари.

| | | | |
|---|---|---|---|
| **42 Стоки и услуги**<br>**Активност** | **Образложение** | | |
| **Изнајмување на друг тип на простор Конто 425130**<br><br>**Јануари-Декември** | **Изнајмување спортски објектина ЈП„Билјанини Извори“** | Непречено и организирано користење на расположивите спортски објекти од страна на спортските клубови и здруженија како и создавање подобри услови за спортување на сите генерации. Организирање и поддршка на најразлични спортски манифестации,настани и проекти од областа на спорто кои што значат подршка на масовниот спорт и промоција на Општина Охрид.<br>**Предвидените средства ќе бидат распределени со јавен повикза субвенционирање на трошоци за користење на спортските терени на ЈП „БилјаниниИзвори“ Охрид за спортските клубови, здруженија, спортски настани/ манифестации и проекти од областа на спортот за 2026 година.** | **5.700.00**<br>**0,00** |
| **46 Субвенции и трансфери**<br>**Активност** | **Образложение** | | |
| **Трансфери до спортски клубови Конто 463120**<br><br>**Јануари-Декември** | **Трансфери кон спортски клубови** | Основната цел е поддржувањето на организираните активности за развој и унапредување на масовниот спорт и рекреативниот спорт како и клубските натпревари и натпревари по принципот спорт за сите.Со оваа програма ќе се обезбеди финансиска поддршка на спортските клубови и школи во општина Охрид.<br>**Предвидените средства ќе се распределат со јавен повик за распределување на буџетските средства од програмата за спорт и рекреација од буџетот на општина Охрид за 2026 година за финансирање програми од Спортски клубови и здруженија** | **54.000.000,00** |
| **Трансфери до спортски клубови Конто 463120** | **Трансфери кон спортски клубови** | **Градски Ракометен клуб Охрид** | **14.000.000,00** |
| **Други трансфери Конто 464190**<br><br>**Јануари-Декември** | **-Во други трансфери влегува подршка за:**<br>**-Спортски манифестации/настани,проекти од областа на спортот**<br>**-Спортисти од индивидуални спортови**<br>**-Подршка на тренери од** | -Поддршка за учество во училишните спортски системи на активности и натпревари на Сојузот на училишен спорт Охрид,како и подршка на проекти кои ,ќе значат унаредување на наставата по физичко и здраствено образование и спорт.<br>-Подршка на спортските здруженија и клубови кои допринесуваат за развојот на подводните спортови,ја развиваат свеста кај населението за здрава животна околина и со својата работа активно учествуваат за развојот на спортскиот туризам.<br>-Финансиска подршка за спортски манифестации,настани и проекти кој со нивната реализација ќе допринесат за популализација на спортот,подигнување на свеста за здрав начин на живот,масовност но истовремено можност за достигнување на | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **охридските спортски клубови за нивна едукација/доедукација во земјата и надвор од неа.**<br>**-Клубови за подводни дејности**<br>**-Училишен спорт**<br>**-Традиционални турнири**<br>**-Активности на лицата за посебни потреби и пензионери** | врвни спортски резултати.Нивната подршка и одржување допринесува за промоција на општина Охрид како препознатлива спортско туристичка дестинација во земјата и светот.<br><br>-Подршка за спортско рекреативните активности за лица со посебни потреби и пензионерите,како и подршка за традиционални спортски натпревари при што играта секогаш ќе биде над резултатот.Реализацијата ќе значи можност за социјализација на сите учесници независно од нивната возраст,пол или етничка структура.<br><br>-Подршка за спортисти во индивидуалните спортови кои имаат врвни достигнувања на национално и меѓународно ниво.<br><br>**-Предвидените финасиски средства ќе се распределат со јавен повик за распределување на буџетските средства од програмата за спорт и рекреација од буџетот на општина Охрид за 2026 година за финансирање програми од Спортски манифестации, настани ,проекти,спортисти,тренери и други правни лица од областа на спортот на територијата на општина Охрид.** | **12.800.000,00** |
| **Јануари-Февруари Конто 464190** | **Спортска манифестација „Најдобрите од спортот во општина Охрид”2025** | „Најдобрите од спортот во општина Охрид”<br>Спортска манифестација на која се одбираат најдобрите спортисти,спортски работници,во организација на општина Охрид. | **300.000,00** |
| **Јануари-Декември Конто 464190** | **Финансиска подршка за спортисти од општина Охрид кои постигнале значајни резултати во текот на годината** | -Средствата ќе се искористат за финансиска подршка на спортисти од општина Охрид кои постигнале значајни резултати на национално и меѓународно ниво(балканско,европско,светско првенство,олимпијада). | **200.000,00** |
| **Март-Декември Конто 464 190** | **Плазма Спортски игри за млади-Федерација на училишен спорт на Македонија** | Средствата се наменети за подршка на “**Плазма спортските игри за млади“**кои во периодот од 27 април до 10 јуни оваа година, се организираат во нашата земја,а се во организација на Федерацијата за училишен спорт на Македонија,игрите се организираат по добиена мегународна франшиза од фирма во | **300.000,00** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Република Хрватска.Општина Охрид покрај останати градови од Македонија ќе биде домакин на овие игри за млади во повеке спортови,како:футсал, одбојка, одбојка на песок, ракомет, баскет 3х3, тенис, пинг-понг, шах, атлетика и играта - народна. | |
| **Јануари-Декември Конто 425920** | **Печатарски услуги** | Средствата ќе бидат искористени за печатење,пехари,плакети,дипломи,рол банери,големи банери за потребите на спортски манифестации на кој организатор е општина Охрид | **90.000,00** |
| **Јануари-Декември Конто 461130** | **Субвенција за ЈП„Билјанини извори“Охрид за Набавка на друга опрема** | Метални заштитни подвижни огради за одржување на спортски настани,манифетстации,одржување концерти со цел зголемување на безбедноста. | **400.000,00** |

**ВКУПНО: 87.790.000,00 денари**

**Образложение:**

ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТ - ПЛАЗМА СПОРТСКИ ИГРИ ЗА МЛАДИ 2026 - ФЕДЕРАЦИЈА НА УЧИЛИШЕН СПОРТ НА МАКЕДОНИЈА

Во согласност со Законот за спортот, националните спортски федерации во Република Македонија се правни субјекти кои, меѓудругото, се одговорни и за организација на меѓународни натпревари од меѓународен карактер. Во периодот од 27 април до 10 јуни оваа година, во нашата земја ќе се организираат Спортски игри за млади во организација на Федерацијата за училишен спорт на Македонија која истите ќе ги спроведе по воспоставување договорен однос, односно, потпишување договорен инструмент со правен субјект од Република Хрватска заради добивање лиценца за спроведување на истиот со носителот на соодветната меѓународна лиценца. На настанот ќе се одвиваат спортски натпревари за млади во следниве спортови: футсал, одбојка, одбојка на песок, ракомет, баскет 3х3, тенис, пинг-понг, шах, атлетика и играта - народна. Натпреварите ќе бидат спроведувани во повеќе градови низ Републиката, и тоа: Охрид, Струмица, Битола, Тетово, Куманово, Штип, Кичево, Кавадарци, Прилеп, Кочани и Скопје. Во Скопје, натпреварите ќе се одвиваат во следниве општини: Центар, Аеродром, Кисела Вода, Гази Баба, Ѓорче Петров, Чаир и Сарај. Министерството за спорт ќе партиципира со доделување средства во износ од 18.000.000,00 денари до организаторот, Федерацијата за училишен спорт на Македонија, заради покривање на трошоците поврзани со плаќање на меѓународната франшиза по тој однос.Општина Охрид како и останатите општини ќе партиципира со 300.000,00 денари.

Средствата се обезбедени од Програма К4-Култура предвидени за „Набавка на услуги за организација на настани“, евидентирани на конто 464 990 – други трансфери, во висина од 200.000,00 денари како и средства од 100.000,00 денари предвидени во програмата за култура за активност,, Академија за креативно пишување, јавно изразување и правилна употреба на македонскиот јазик“

Се додаваат 300.000,00 ден на конто 464 990 други трансфери,со активност “ПЛАЗМА СПОРТСКИ ИГРИ ЗА МЛАДИ 2026“ во организација на Федерација на училишен спорт на Македонија,технички организатор за општина Охрид е Сојуз за Училишен спорт Охрид.

Се врши зголемување на програмата за Спорт и рекреација во конто 463 120(трансфери кон спортски клубови) за 14.000.000,00 денари средства наменети за ГРК Охрид,

- Средствата се обезбедени од:
- Програмата (НА) точка 13 од „Реализација на активности во рамки на проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор (ПСЕЕП)“ во која се опфатени ООУ „Св.Климент Охридски“, ООУ „Христо Узунов“ и ООУ „Братство единство“ - предвидениот износ од 10.563.402,00 денари се намалува за 7.500.000,00 денари, конто 482 930 **-** реконструкција на други објекти.
- Програма Ј3-јавно осветлување, конто 421110- електрична енергија 5.000.000,00 денари.
- Програма Е0- општинска администрација, конто 421310 - поштенски услуги 500.000,00 денари
- Програма Е0- општинска администрација, конто 464 910- плаќања по судски решенија 1.000.000,00 денари.

Вкупно зголемување на програмата изнесува 14.300.000,00 денари.

Програмата со измените изнесува 87.790.000 денари.

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-5185/35** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.04.2026 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА НА РАСПОРЕДОТ НА СРЕДСТВАТА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2026 ГОДИНА**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за измена на распоредот на средствата на буџетот на општина Охрид за 2026 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2026 година.

**Број 09- 5185/90** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.04.2026 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за Локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02),член 29 став 1 од Законот за финансирање на ЕЛС („Сл.весник на РМ“ бр.61/04, 93/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Сл.Весник на РСМ“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24 и 37/25) Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2026 год. ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**ЗА ИЗМЕНАНА РАСПОРЕДОТ НА СРЕДСТВАТА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2026 ГОДИНА**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Охрид за 2026 година на следниот начин:

| | Потпрограма<br>Потставка | Буџет | Самофин. | Дотации | Донации | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **A00** | **СОВЕТ НА ОПШТИНА** | | | | | |
| 464990 | Други трансфери | 1.500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **E00** | **ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА** | | | | | |
| 421310 | Пошта | -500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 464910 | Плаќање по судски решенија | -1.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **J30** | **ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ** | | | | | |
| 421110 | Електрична енергија | -6.500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **K40** | **КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО** | | | | | |
| 464990 | Други трансфери | -300.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **L00** | **СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА** | | | | | |
| 463120 | Трансфери до спортски клубови | 14.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 464990 | Други трансфери | 300.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **NA0** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | |
| 482930 | Реконструкција на други објекти | -7.500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

**Член 2**

Предлог измените и дополнувањата во наведените програми стануваат составен дел на Буџетот на општина Охрид за 2026 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на Општина Охрид".

**Број 08-5185/36** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.04.2026 година** **Претседател**
**О х р и д** **Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈАТА ЗА ПОСТАПКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ЈАВНО ПРИВАТНО ПРАТНЕРСТВО ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ФОТОВОЛТАИЧНИ ЦЕНТРАЛИ НА ОПШТИНСКИ ОБЕЈКТИ НА ПОДРАЧЈЕ НА ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучокот за усвојување на информацијата за постапката за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно пратнерство за поставување на фотоволтаични централи на општински обејкти на подрачје на општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2026 година.

**Број 09- 5185/91** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.04.2026 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр.5/02), како и член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на Општина Охрид, на седница одржана на ден 28.04.2026 година, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈАТА ЗА ПОСТАПКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ЈАВНО ПРИВАТНО ПРАТНЕРСТВО ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ФОТОВОЛТАИЧНИ ЦЕНТРАЛИ НА ОПШТИНСКИ ОБЕЈКТИ НА ПОДРАЧЈЕ НА ОПШТИНА ОХРИД**

**Член 1**

Се усвојува Информацијата за постапката за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно пратнерство за поставување на фотоволтаични централи на општински обејкти на подрачје на општина Охрид.

**Член 2**

Овој Заклучок стапува на сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-5185/37** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.04.2026 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПАРТИЦИПАЦИЈА И СОПСТВЕНО УЧЕСТВО ВО ПРОЕКТ „ИЗВЕДБА НА ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА И УРЕДУВАЊЕ НА ЈАВНИ ПРОСТОРИ“**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за партиципација и сопствено учество во проект „Изведба на патна инфраструктура и уредување на јавни простори“, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2026 година.

**Број 09- 5185/92**
**28.04.2026 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр. 5/2002), член 10 од Законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија („Сл. Весник на РМ бр.55/04, 12/05, 98/08, 106/08) и член 18 и 21 од од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2026 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А
## ЗА ПАРТИЦИПАЦИЈА И СОПСТВЕНО УЧЕСТВО НА ОПШТИНА ОХРИД ВО ПРОЕКТОТ „ИЗВЕДБА НА ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА И УРЕДУВАЊЕ НА ЈАВНИ ПРОСТОРИ“

### Член 1

Во рамките на Програмата за рамномерен регионален развој за 2026 година за финансирање на проекти за развој на планските региони објавена на 12.02.2026 година, Центарот за развој на југозападен плански регион во партнерство со општина Охрид поднесе апликација во рамки на проектот „Изведба на патна инфраструктура и уредување на јавни простори“.

Во рамки на проектниот предлог предвидено е поставување на урбана опрема - детско игралиште наменето за лица со посебни потребни во просторот на поранешната Касарна, непосредно пред просториите каде што е лоцирано Здружение за воспитно образовна психо-социјална поддршка-ВОПС.

Проектниот предлог вклучува уредување и оградување на просторот, уредување на пешачка патека со бекатон плочки со цел да се овозможи непречен пристап за сите корисници до детското игралиште, како и поставување на специјално изработена еластична спортска подлога на која ќе бидат поставени детски реквизи, прилагодени на потребите на корисниците.

За реализација на оваа активност беше изработен Основен проект за поставување на урбана опрема со Тех. Бр. 36/26 и Ревидентски извештај од извршениот преглед на техничката документација основен проект за поставување на урбана опрема со Тех. Број: РЕ – 04/26.

Вкупната вредност на сите проектни активности со вклучен ДДВ е проценета на 1.699.023,оо денари.

### Член 2

Горенаведениот предлог проект е аплициран во рамки на Програмата за рамномерен регионален развој за 2026 година за финансирање на проекти за развој на планските региони. Доколку проектната апликација е позитивно оценета и истата е одобрена за финансирање од страна на Бирото за регионален развој, Општина Охрид ќе учествуваа со средства во износ кој нема да надмине 399.023,00 денари од буџетот на општината, а останатите средства во висина од 1.300.000,00 денари е побарано да бидат обезбедени од Програма за рамномерен регионален развој за 2026 година за поттикнување

на рамномерен регионален развој и финансирање на проекти за развој на планските региони на Бирото за регионален развој.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-5185/38**
**28.04.2026 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ЗБРАТИМУВАЊЕ НА ОПШТИНА ОХРИД, РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И ГРАДОТ ВЕСПРЕМ, РЕПУБЛИКА УНГАРИЈА**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за збратимување на Општина Охрид, Република Северна Македонија и Градот Веспрем, Република Унгарија, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2026 година.

**Број 09- 5185/93**
**28.04.2026 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид ((„Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2026 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ЗБРАТИМУВАЊЕ НА ОПШТИНА ОХРИД, РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И ГРАДОТ ВЕСПРЕМ, РЕПУБЛИКА УНГАРИЈА**

**Член 1**

Општина Охрид се збратимува со Градот Веспрем, Република Унгарија.

**Член 2**

Се овластува градоначалникот на Општина Охрид Кирил Пецаков да го потпише актот за збратимување на градовите.

**Член 3**

Видот и начинот на соработката помеѓу збратимените градови од член 1 на оваа одлука ќе се утврди со посебен договор-протокол.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-5185/39**
**28.04.2026 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА КОМУНАЛНАТА ТАКСА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПОВРШИНИ ВО КАМПОВИ ЗА ПОДИГАЊЕ НА ШАТОРИ И ДРУГА СЛИЧНА ПРИВРЕМЕНА УПОТРЕБА**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за дополнување на Одлуката за утврдување на висината на комуналната такса за користење на површини во кампови за подигање на шатори и друга слична привремена употреба, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2026 година.

**Број 09- 5185/94**
**28.04.2026 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 4 од Законот за финансирање на единицте на локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.61/04), член 2 од Законот за комунални такси („Сл.весник на РМ“ бр.61/04), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2026 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА КОМУНАЛНАТА ТАКСА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПОВРШИНИ ВО КАМПОВИ ЗА ПОДИГАЊЕ НА ШАТОРИ И ДРУГА СЛИЧНА ПРИВРЕМЕНА УПОТРЕБА**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши дополнување на Одлуката за утврдување на висината на комуналната такса за користење на површини во кампови за подигање на шатори и друга слична привремена употреба со бр. 07-1055/4 од 29.07.2005 година и на Одлуката за измена на одлуката за утврдување на висината на комуналната такса за користење на површини во кампови за подигање на шатори и друга слична привремена употреба со бр. 07-3165/32 од 29.12.2008 година.

**Член 2**

Во членот 2 од одлуката по зборот „20,оо“ се додават зборовите **„денари дневно“** и по нив се додават зборовите **„за 1 м2 корисна површина под кампови**“.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од објавувањто во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-5185/40** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.04.2026 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ - ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГУП ЗА УЗ 4 УБ 4.4 И ДУП ЗА УЗ 4, УБ 4.4 ОПФАТ 1, ОПШТИНА ОХРИД, ВО ОБЕДИНЕТА ПОСТАПКА**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за утврдување нацрт - измена и дополнување на ГУП за УЗ 4 УБ 4.4 и ДУП за УЗ 4, УБ 4.4 опфат 1, Општина Охрид, во обединета постапка, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2026 година.

**Број 09- 5185/95** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.04.2026 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 2 точка 19, член 10,член 11, член 20, член 22, член 25, член 26 и член 33 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр.32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на Р.С.Македонија“ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 224/24, 07/25, 143/25, 241/25 и 30/26), член 22, 36 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр. 08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2026 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ - ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГУП ЗА УЗ 4 УБ 4.4 И ДУП ЗА УЗ 4 УБ 4.4 ОПФАТ 1 ОПШТИНА ОХРИД, ВО ОБЕДИНЕТА ПОСТАПКА**

**Член 1**

Се утврдува нацрт - измена и дополнување на ГУП за УЗ 4 УБ 4.4 и ДУП за УЗ 4, УБ 4.4 опфат 1, Општина Охрид, во обединета постапка.

**Член 2**

Опфатот на предметното изменување и дополнување на **ГУП** за Урбана заедница 4, Урбан блок 4.4, Општина Охрид е дефиниран по границите на УБ 4.4 од важечкиот ГУП на Охрид (2002 -2012) со одлука бр. 07-1438/2 од 30.06.2006 година. Истиот ќе се движи по:

- **на северозапад – реката Даљан – границата на опфатот на градот,**
- **на север и исток – Булевар Туристичка и клучка**
- **на југ – ул. Распаќе**

Вака дефинираниот плански опфат за ГУП има површина од **14,69ха.**

Опфатот за изработка на **детален урбанистички план** ќе се движи по:

- **на северозапад – реката Даљан – границата на опфатот на градот**
- **на североисток – крак од клучка и булевар Туристичка**
- **на југоисток – ул. Распаќе**
- **на запад – Новопланирана улица 1**

Вака дефинираниот плански опфат за ДУП има површина од **3,0ха.**

**Член 3**

